# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТА
НА ООУ„ИЛИНДЕН“- КРИВА ПАЛАНКА
ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Август, 2023

# С о д р ж и н а


1. Вовед......................................................................................................2
2. Лична карта на училиштето...................................................................3
   *2.1.* Општи податоци за училиштето.......................................................3
   *2.2.* Податоци за вработените..................................................................4
   *2.3.* Податоци за учениците......................................................................5
3. Услови во кои работи училиштето..........................................................5
4. Мисијата и Визијата на училиштето.......................................................8
5. Планирање и реализација на воспитно-обрзовната работа.................9
   *5.1.* Задолжителна и изборна настава ......................................................9
   *5.2*. Додатна и дополнителна настава.....................................................11
   *5.3*. Вонаставни активности.......................................................................11
   *5.4*. Натпревари...........................................................................................12
   *5.4.1.*Извештај за учество на ученици на натпревари..........................12
   *5.5*. Вонучилишни активности..................................................................18
6. Заштита и унапредување на здравјето на учениците...........................20
7. Соработка на основното училиште со родителите................................21
8. Работа со ученици со посебни потреби..................................................21
9. Успехот и редовноста на учениците........................................................22
10. Проекти кои се реализираат во училиштето.........................................23
   *10.1*. Други реализирани активности во училиштето.............................27
11. Извештај за работата на управните, раководните, стручните и други органи и тела во училиштето.........................................................32
   *11.1*. Извештај за работата на Директорот..............................................32
   *11.2*. Извештај за работата на Училишниот одбор..................................32
   *11.3*. Извештај за работата на Наставничкиот совет...............................33
   *11.4*. Извештај за работата на стручните соработници..........................34
   *11.5.* Извештај за работата на стручните активи.....................................35
   *11.5.1.* Извештај за работа на стручен актив на одделенската настава.............35
   *11.5.2.*Извештај за работа на стручен актив на општествено-јазичното подрачје...........................................................37
   *11.5.3*. Извештај за работа на стручен актив на природно-математичко подрачје..........................................................39
   *11.6.* Извештај за работата на Советот на родители..............................41
   *11.7.* Извештај за работата на Училишната заедница.............................41
   *11.7.1*. Извештај од работата на Ученичкиот парламент.........................42
   *11.7.2.* Извештај од работата на Детската организација........................45
   *11.7.3.* Извештај за работата на основната организација на Подмладокот на црвен крст...............................................................................48
12. Извештај за спроведени МИО активности..............................................49
13. Професионален развој на наставниците и стручните соработни........................51
14. Соработка на училиштето.........................................................................53
15. Заклучни согледувања..............................................................................54

# 1. В О В Е Д

Како резултат на потребата да се согледаат резултатите од работата на училиштето во текот на учебната 2022/2023 година, се изготвува Годишен извештај, кој е изготвен врз основа на извештаите од реализираните активности во текот на целата учебна година, а кои се планирани со Годишната програма за работа.

Пред почетокот на учебната година, е изготвена Годишната програма за работа на училиштето и истата, од страна на Училишниот одбор е доставена до Советот на Општина Крива Паланка.

Годишниот извештај е документ кој што ги содржи сите важни информации за оценка на работата на училиштето и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето во текот на учебната 2022/2023 година.

Целта на извештајот е да се направи согледување на целокупната работа во училиштето, постигнатите резултати во наставата и вонннаставните воспитно-образовни подрачја како и согледувања на позитивните страни и евентуални пропусти со препораки и предлог мерки за подобрување.

Годишниот извештај на ООУ „Илинден”- Крива Паланка е изготвен врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Закон за наставници и стручни соработници во основно и средно образование;
- Наставните планови и програми;
- Концепцијата за деветогодишно образование;
- Календар за организација и работата на основните училишта во учебната 2022/2023 година;
- Статут на училиштето;
- Програмата за работата на училиштето за тековната учебна година;
- Развојниот план;
- Самоевалуацијата на училиштето;

# 2.Лична карта за училиштето

## *2.1.Општи податоци за училиштето*

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Илинден“ |
| Адреса, место, општина | Ул.„Наско Тамбурков“бр.80 Крива Паланка |
| Телефон | 031 375-078 |
| Факс | 031 375-078 |
| Веб-страница | ouilinden.edu.mk |
| Е-маил | ouilinden@yahoo.com |
| Основано од | Влада на Р.С.Македонија |
| Верификација-број на актот | 10-2481/3 од 02.09.1996г. |
| Година на изградба | 1974 |
| Тип на градба | тврда |
| Бруто површина | 6520м2 |
| Нето површина | 6017м2 |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| Вкупен број на училишни згради | 5 |
| Број на спортски терени | 3 |
| Број на училници | 45 |
| Број на паралелки | 40+3 комбинирани |
| Училишна библиотека, медијатека | 2+1 |
| Училиштето работи во смена | Една смена |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење на екстра лесно масло во матично училиште и дрва во подрачните училишта |

## 2.2.Податоци за вработените

| | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 84 | 24 | 60 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 61 | 17 | 44 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 5 | | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 3 | | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 14 | 7 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Образовни медијатори** | / | / | / | | | | | | | | |

## Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Последипломски студии-втор циклус** | 1 |
| **Високо образование** | 60 |
| **Виша стручна спрема** | 8 |
| **Средно образование** | 14 |
| **Основно образование** | 1 |

## Старосна структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20 - 30** | 4 |
| **31 - 40** | 26 |
| **41 - 50** | 29 |
| **51 - 60** | 17 |
| **61 - пензија** | 8 |

## *2.3.Податоци за учениците*

| Одделение | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 3 | 40 | 14 | 21 | / | / | / | / | 2 | 3 | / | / |
| II | 4 | 49 | 27 | 17 | / | / | / | / | 3 | 2 | / | / |
| III | 5 | 68 | 33 | 27 | / | / | / | / | 2 | 6 | / | / |
| IV | 5 | 58 | 31 | 22 | / | / | / | / | 2 | 3 | / | / |
| V | 6 | 74 | 33 | 35 | / | / | / | / | 2 | 4 | / | / |
| VI | 5 | 62 | 31 | 26 | / | / | / | / | 5 | / | / | / |
| VII | 5 | 84 | 40 | 39 | / | / | / | / | 3 | 2 | / | / |
| VIII | 5 | 67 | 30 | 33 | / | / | / | / | 1 | 3 | / | / |
| IX | 5 | 59 | 26 | 28 | / | / | / | / | 2 | 3 | / | / |
| Вкупно | 43 | 561 | 265 | 248 | / | / | / | / | 22 | 26 | / | / |

# 3. Услови во кои работи училиштето

Општинското основно училиште „Илинден“ е лоцирано на улица ,,**Наско Тамбурков“ бр. 80** во Крива Паланка. Училиштето работи во една зграда, а воспитно-образовната дејност се реализира во една смена. Наставата во училиштето се реализира на македонски наставен јазик.

Во составот на основното училиште постојат подрачни деветогодишни основни училишта во селата Конопница и Мождивњак 1 и едно петгодишно во с. Мождивњак 2, каде наставата се изведува во комбинирана паралелка со ученици од **I** до **V** одделение.

Наставниот план и програми во училиштето во учебната **2022/2023** година ги реализираат **23** наставници од **I** до **V** одделене и **38** наставници во предметна настава од **VI** до **IX** одделение.

Оваа учебна година имаме вкупно **43 паралелки**, од кои чисти паралелки се **40** и **3** се комбинирани и тоа една во ПОУ во Мождивњак 2, комбинирана паралелка со ученици од III и V одделение и две паралелки во ПОУ во Мождивњак 1, комбинирани со ученици од II и V одделение и I и III одделение.

Во ООУ „Илинден“ на почетокот на оваа учебна година се запишани вкупно 567 ученици. Во текот на првото полугодие 4 ученици се испишани, а еден ученик е запишан, а во текот на второто полугодие се испишани уште 3 ученици, со што вкупната бројка на ученици на крајот на учебната година изнесува **561 ученик**, за разлика од минатата година кога бројката изнесуваше 602 ученици, од кои 557 ученици ја завршија учебната година а 4 ученици го повторуваа одделението. Од вкупниот број ученици 397 се во матичното училиште, 100 ученици се во ПОУ Конопница, 60 ученици се во ПОУ Мождивњак 1 и 4 ученици се во ПОУ Мождивњак 2.

***Општа констатација е дека бројот на учениците од година во година постепено опаѓа.***

Во ООУ „Илинден“ во учебната 2022/2023 година воспитно-образовниот процес се реализира согласно Календарот за организација и работа на училиштата.

На почетокот на учебната година извршена е и организациско-оперативна и кадровска подготвеност – распределба на одделенија, паралелки, поделба на часови и одделенски раководители. Конкретизирани се и други задолженија на наставниците во рамките на четириесет часовна работна седмица.

Пред почетокот на учебната година се обезбедени потребните хигиенско-технички услови за работа, односно сите училишни згради се генерално исчистени, променет е дел од дотрајаниот училишен инвентар, со санација на сите оштетувања на водовод и електрика во училиштето. Што се однесува на основниот инвентар, тој се обновува секоја година, но поради оштетување на истиот се јавува потреба од негово повторно обновување и надополнување како и набавка на нагледни средства. Континуираното модернизирање на просторните капацитети и дидактички средства се прави со цел да се задоволат потребите на учениците и вработените и да се создадат пријатни услови за учење и реализирање на воспитно-образовната работа.

Од активностите за подобрување на опременоста на училиштето предвидени со Годишната програма за работа на училиштето во текот на оваа учебна година се реализирани неколку активности меѓу кои:

- Доопремување на наставниот кадар со 9 лаптоп уреди;
- 11 интерактивни табли за учениците од одделенската настава
- 12 LCD прожектори, од кои 10 за учениците од одделенската настава во матичното училиште и 2 за учениците во подрачните училишта;
- 3 ласерски принтери за наставниците во матичното и во подрачните училишта;
- 1 принтер во боја;
- 37 столови за наставниците од матичното училиште и ПОУ Мождивњак 1;
- Како дел од проектот на МОН за целосно опремување на кабинети по природни науки со цел-развивање на свесноста за важноста на животната средина и љубовта кон природните науки, во нашето училиште една училница е пренаменета во кабинет по предметите Природни науки и Хемија.
- Реновирање на холот, со глетување и варосување на ѕидови, фарбање на цоклето и оградата, поставување на логото, мисијата и визијата на училиштето и естетско уредување со цвеќиња;
- Варосување на училниците во прво и шесто одделение во централното училиште и ПОУ ,, Конопница“;
- Санација на кров и источен ѕид на спортска сала во ПОУ „Илинден“ во с. Мождивњак за непречено реализирање на наставата по Физичко и здравствено образование;
- Уредување на училишниот двор со изградба на повеќенаменско спортско игралиште и едно помало игралиште во ПОУ „Илинден“ во с. Конопница за обезбедување на подобри услови за одвивање на спортски активности. Поставена е заштитна ограда на поголемото игралиште од страна на улицата, решено е одводнувањето на површинските атмосферски води, обновен е потпорниот ѕид кон улицата со фарбање на постојната ограда, а на двата влеза поставени се нови врати. Земјениот дел е хортикултурно уреден со посеана трева, а пристапните

патеки се поплочени со бекатон плочки. Зад училиштето е израмнет и тампониран паркинг простор за вработените во училиштето.

- Заради зголемување на безбедноста во училиштето обновен е видео надзорот во централното уичилиште и поставен е нов видео надзор во подрачните училишта;
- Изработена е Веб-страна и лого на училиштето;
- Со донација од МОН добиени се историски и географски карти, глобуси и други наставни помагала по предметите историја, географија и природни науки;
- Хортикултурно уредување на дворот во центрелното училиште со засадување на зимзелени дрвца и цвеќиња;

Со помош на Фондацијата “Чекор по чекор” и Здружението Конект преку проектот „Акција за намалување на нееднаквостите во образованието“ кој е финансиран од Европската Комисија нашето училиште како едно од 5 проектни училишта за подобрување на своите јазични вештини, доби донација - книги од издавачката куќа „Вермилион“, со што нашата училишна библиотека е збогатена со ниви книги.

Мотивирани од изреката ,,Читањето е најдоброто учење“ нашето училиште обезбеди средства со кои училишна библиотека се дополни со 98 нови лектирни изданија, наменети за учениците од прво до деветто одделение.

# 4. Мисијата и Визијата на училиштето

**МИСИЈАТА**

на нашето училиште е:

***“Нудиме стимулативна и креативна средина за учење, преку примена на интегрирана настава и современа образовна технологија, развивајќи ја соработката помеѓу припадниците на сите етникуми’’***

Од самата мисија произлегува нашето основно

**МОТО**

***„Заедно чекориме по патот на успехот’’***

**ВИЗИЈАТА**

На нашето училиште е истакната на видно место во училишниот хол, а наставниците, училишниот менаџмент, учениците, родителите и претставниците на локалната заедница ,училиштето го гледаат вака:

***“Ќе ги подобруваме и промовираме постигањата на учениците во сите подрачја со користење на стекнатите знаења и вештини на наставниот кадар, соработувајќи со релевантни институции од локалната и пошироката мултиетничка заедница”***

***„Ги оспособуваме учениците за соживот во мултиетничко општество***

# 5. Планирање и реализација на воспитно-образовната дејност

Учебната 2022/2023 година започна на 01.09.2022 година и трае до 31.8.2023 година. Првото полугодие започна на 1 септември 2022 година и заврши на 30 декември 2022 година, а зимскиот одмор започна на 31 декември 2022 година и беше планирано да трае до 17 јануари 2023 година. Но поради поголема функционалност на училиштата, со одлука на Владата на РСМ зимскиот распуст беше продолжен а со тоа одложен почетокот на второто полугодие од 18-ти на 23-ти јануари 2023 година. Со цел да се реализираат сите 180 наставни денови утврдени со Календарот за организација и работа на основните училиштата наставната година беше продолжена и истата заврши на 14-ти јуни наместо на 9-ти јуни

Воспитно-образовната дејност во училиштето се одвива според Наставниот план за деветгодишно образование и Наставните програми по секој предмет дадени од Бирото за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука. Според податоците добиени од одделенските раководители се констатира дека наставните содржини предвидени со Наставниот план и Наставната програма за оваа учебна година  се целосно реализирани.

Годишната програма за работа на училиштето, програмите за работа на сите други органи и тела во училиштето, како и програмите  за работа на наставниците се навремено изготвени и прифатени и нивната реализација во континуитет се следи од страна на директорот и стручните соработници.

Наставата се изведува според Календар за организација и работата на основните училишта во учебната 2022/2023 година. Во текот на првото полугодие се реализирани вкупно 83 наставни денови, а во второто полугодие вкупно 97, со што планираните часови од редовната настава се реализирани а со тоа ѝ планираните наставни содржини по сите предмети во сите одделенија.

Училиштето реализира задолжителна настава, изборна настава, дополнителна настава, додатна настава и воннаставни активности.

## *5.1.Задолжителна и изборна настава*

Во текот на оваа учебна година во нашето училиште се организираше **задолжителна настава** за сите ученици од прво до деветo одделение. Наставата во училиштето се реализира во една смена во сите подрачни и во матичното училиште. Часовите започнуваат во 8:00 часот, седмиот час завршува во 13:30 часот.

Наставата во текот на целата учебна година се одвиваше плански. Сите наставници имаат изготвено годишни планирања и програми, планирања за додатна и дополнителна настава, и критериуми за оценување. Наставата се изведува во училници и кабинети, интегрирана настава со примена на ИКТ во наставата и современи наставни средства. Во настојувањето за унапредување на воспитно-образовниот процес беа застапени фронтална, групна, индивидуална и други форми на работа со учениците и се користеше ИКТ во наставата. Преку наставата се настојуваше учениците да се оспособат за самостојна работа, при што за успешна реализација на истата се користеа наставно - нагледни средства, и дидактични

помагала. Во наставата покрај усното проверување се користеа и контролни вежби, писмени работи и тестови.

Задолжителен прв странски јазик е англискиот јазик кој се изучува од прво одделение до завршување на основното образование, а како втор странски јазик е германскиот јазик кој се изучува од шесто одделение до завршување на основното образование.

**Изборна настава** учениците посетуваат по изборни предмети преку кои им се дава можност да ги прошират и продлабочат своите знаења и да ги развиваат своите индивидуални способности. Изборот на предметите се врши преку анкети кои се спроведуваат во месец мај. Оваа учебна година учениците од VI-IX одделение ги изучуваат следните изборни предмети:

**Изборни предмети за учениците од VI-IX одделение**
**за учебна 2022/2023 година**

| Одд | Изборен предмет | Наставник | Број на паралелки |
|---|---|---|---|
| **VI** | Запознавање со религиите | Никола Георгиевски | 5 |
| **VII** | Вештини за живеење | Моника Дејановска | 5 |
| **VIII** | Техничко образование<br>Нашата татковина | Даница Крстевска | 2 |
| | | Оливер Георгиевски | 2 |
| | | Зоран Милковски | 1 |
| **IX** | Програмирање | Марија Смиљков | 2 |
| | Спорт | Роберт Стојчевски | 1 |
| | Истражување на родниот крај | Јасминка Јовановска | 1 |

**Изборни предмети за учениците кои работат според новата Концепција за основно образование**

Во првиот образовен период (I-III одд.) слободните изборни предмети се реализираат во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците во траење од 2 наставни часа неделно.

Во вториот образовен период слободните изборни предмети се определуваат според Водичот за слободни изборни предмети, според кој во првата недела од септември, секој ученик (со поддршка на родителот/старателот), од листата на слободни изборни предмети, избира предмети што ќе ги изучува/следи во тековната учебна година.

Во учебната 2022/23 година учениците од IV одделение како слободен изборен предмет кој го изучуваа во текот на првото полугодие го избраа предметот **Животни вештини,** а како слободен изборен предмет кој ќе го изучуваат во текот на второто полугодие го избраа предметот **Театарски работилници**.

Во учебната 2022/23 година учениците од V одделение како слободен изборен предмет кој го изучуваа во текот на првото полугодие го избраа предметот **Фигури од хартија-оригами**, а како слободен изборен предмет кој ќе го изучуваат во текот на второто полугодие го избраа предметот **Мултикултурни работилници**. Учениците од V одделение од ПОУ Мождивњак 2 како слободен изборен предмет кој го изучуваа во текот на првото полугодие го избраа предметот **Игри за разрешување конфликти**, а како слободен изборен предмет кој ќе го изучуваат во текот на второто полугодие го избраа предметот **Фигури од хартија-ориго**ами.

## *5.2. Дополнителна и додатна настава*

**Дополнителна настава** наставниците реалзираат со ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето или се од оправдани причини подолго време отсутни од наставата. Дополнителната настава се организира за учениците од II-IX одделение, во текот на целата година, по редовната настава, за што секој наставник води евиденција во посебен образец.

**Додатна настава** се реализира со ученици кои покажуваат посебен интерес за одредена област или предмет. Додатната настава се организира за учениците од II-IX одделение, во текот на целата година, по редовната настава, за што секој наставник води евиденција во посебен образец.

Прегледот на вкупниот број на планирани и реализирани часови во дополнителна и додатна настава за учебната 2022/2023 година е прикажан во табелата која е дадена во прилог на овој извештај, посебно за одделенската и предметната настава.

## *5.3.Воннаставни активности*

Со учениците од нашето училиште во текот на учебната 2022/2023 година се реализирани повеќе воннаставни активности, најчесто поврзани со наставните содржини, но и со одбележување на позначајни денови од календарот за работа и од еко-календарот, активности преку кои училиштето се афирмира во локалната средина – спортски и културно-уметнички активности, како учество на учениците во голем број на проекти кои се реализираат во училиштето меѓу кои:

- Одбележување на Детската недела под мотото **„Другарството е дел од детската среќа“**
- Учество на ликовни и литературни конкурси;
- Учество на спортски манифестации и сл.
- Во периодот од 16 до 22 Септември 2022 година, нашето училиште се приклучи кон одбележувањето на Европската недела на спортот;
- Во месец октомври преку најразлични активности посветени на книгата, литературата и на читањето се одбележа Месецот на книгата;
- Одбележување на Месецот на штедење преку посета на филијалите на НЛБ, ЦКБ и Стопанска банка каде учениците од одделенската настава имаа можност искуствено да се запознаат со важноста на штедењето и начинот на работењето на банките;

- На 7 ноември 2022 година учениците од четвтро одделение имаа медиумско претставување во контактно-училишната програма Ѕвон Контактно Училишна Програма;
- Одбележување на 3-ти декември - **Меѓународниот ден на лицата со попреченост;**
- Одбележување на 8-ми Декември - **Денот на Св. Климент Охридски**, со изработка на презентации и литературни творби;
- Според програмата за заштита од насилство учениците учествуваа во повеќе едукативни работилници организирани од претставници од ОВР-Крива Паланка и Црвен Крст;
- По повод новогодишните празници учениците зедоа учество во организирање на **Новогодишен базар,** кој се организираше и во подрачните и во матичното училиште и истиот имаше продажен и хуманитарен карактер.
- Одбележување на 1-ви Април-денот на шегата со учество на нашето училиште на настанот "Првоаприлски маскенбал", организиран од Општина Крива Паланка;
- Учество на манифестацијата Велигденска традиција 2023
- Активности по повод одбележување на Патронот на училиштето.
- Учество во големата еколошка акција за чистење на отпад „Генералка викенд “, организирана од Општина Крива Паланка.

## *5.4. Натпревари*

Во Годишната програма за работа за учениците се планирани повеќе натпревари кои се одржаа во второто полугодие, за таа цел учениците започнаа со подготовките уште во првото полугодие. Во оваа учебна година се организираа интерни училишни натпревари на знаења, како и спортски натпревари. Најуспешните ученици од овие натпревари земаа учество на општински, како и на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати голем дел од учениците учествуваа и на државните натпревари. Освоени се вкупно 110 награди и тоа 68 поединечни и 42 групни награди.

### *5.4.1. Годишен извештај за учество на натпревари на ученици од ООУ„ИЛИНДЕН„Крива Паланка за учебната 2022/23 год.*

| Ред. бр. | Дата | Активност | Ментор | Учесници | Разултати |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **10.02.2023** | Општински натпревар по физика | Рајна Јакимовска | Мери Миленковска VIII-3<br>Михаела Ивановска VIII-3<br>Теодора Станковска VIII-3 | I награда<br>I награда<br>I награда |
| **2.** | **08.04.2023** | Регионален натпревар по физика | Рајна Јакимовска | Мери Миленковска | Учество |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | **04.02.2023** | Општински натпревар по математика | Снежана Златковска | Олег Јосимовски VI-1<br>Јоаким Митовски VI-1<br>Михаил Смиљковски VI-1 | III – награда<br>пофалница<br>пофалница |
| **4.** | **04.03.2023** | Регионален Натпревар по математика | Снежана Златковска | Олег Јосимовски<br>Јоаким Митовски<br>Михаил Смиљковски | Учество<br>Учество<br>Учество |
| **5.** | **03.03.2023** | Општински натпревар по биологија | Славица Јакимовска | Марија Ивановска VII<br>Мелани Додевска IX<br>Лина Георгиевска IX | II -награда<br>III -награда<br>III -награда |
| **6.** | **07.04.2023** | Регионален натпревар по биологија | Славица Јакимовска | Марија Ивановска VII<br>Мелани Додевска IX<br>Лина Георгиевска IX | II -награда<br>пофалница<br>пофалница |
| **7.** | **20.05.2023** | Државен натпревар по биологија | Славица Јакимовска | Марија Ивановска VII | III - награда |
| **8.** | **10.03.2023** | Општински натпревар по биологија | Ивица Петровски | Теодора Станковска VIII<br>Мери Миленковска VIII<br>Нина Филиповска VIII<br>Ива Митовска IX<br>Кристијан Ценевски IX<br>Михаела Георгиевска IX<br>Меланија Тасовска IX | III-награда<br>II -награда<br>III- награда<br>II -награда<br>Пофалница<br>II -награда<br>III-награда |
| **9.** | **07.04.2023** | Регионален натпревар по биологија | Ивица Петровски | Теодора Станковска VIII<br>Мери Миленковска VIII<br>Нина Филиповска VIII<br>Ива Митовска IX<br>Кристијан Ценевски IX<br>Михаела Георгиевска IX<br>Меланија Тасовска IX | III-награда<br>III -награда<br>III- награда<br>II -награда<br>Пофалница<br>III -награда<br>III-награда |
| **10.** | **20.05.2023** | Државен натпревар по биологија | Ивица Петровски | Ива Митовска IX | III- награда |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | **07.02.2023** | Училишен натпревар по Англиски јазик | Адријана Додевска | Ана Димитровска<br>Олег Јосимовски<br>Ива Митовска<br>Дениција Илиевска | II -награда<br>I-награда<br>II-награда<br>I-награда |
| **12.** | **18.03.2023** | Општински натпревар по англиски јазик | Адријана Додевска | Олег Јосимовски<br>Ива Митовска<br>Дениција Илиевска | III -награда<br>III-награда<br>учество |
| **13.** | **08.04.2022** | Регионален натпревар по англиски јазик | Адријана Додевска | Олег Јосимовски<br>Ива Митовска | II-награда<br>II- награда |
| **14.** | **06.05.2022** | Државен натпревар по англиски јазик | Адријана Додевска | ОлегЈосимовски<br>Ива Митовска | Учество<br>учество |
| **15.** | **18.03.2023** | Општински натпревар по англиски јазик | Сања Јовановска | Јохан Ристовски V<br>Матеа Јовановска V<br>Теодора Станковска VIII<br>Нина Тодоровска VIII | III награда<br>III -награда<br>II-награда<br>II-награда |
| **16.** | **08.04.2023** | Регионален натпревар по Англиски јазик | Сања Јовановска | Јохан Ристовски V<br>Матеа Јовановска V<br>Теодора Станковска VIII<br>Нина Тодоровска VIII | III награда<br>учество<br>I-награда<br>III-награда |
| **17.** | **06.05.2023** | Државен натпревар по Англиски јазик | Сања Јовановска | Јохан Ристовски V<br>Теодора Станковска VIII<br>Нина Тодоровска VIII | Учество<br>Учество<br>Учество |
| **18.** | **24.02.2023** | Општински Натпревар по хемија | Бранка Митовска | Мери Миленковска VIII-3<br>Синтија Јакимовска VIII<br>Дениција Илиевска IX -1<br>Ива Митовска IX-2 | Пофалница<br>Пофалница<br>II -награда<br>II-награда |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Меланија Тасовска IX-2<br>Лина Георгиевска IX<br>Кристијан Ценевски IX-2<br>Мелани Додевска IX | III-награда<br>III-награда<br>Пофалница<br>Пофалница |
| **19.** | **06.05.2023** | Регионален Натпревар по хемија | Бранка Митовска | Дениција Илиевска IX<br>Ива Митовска IX<br>Синтија Јакимовска VIII | Пофалница<br>Пофалница<br>сертификат |
| **20.** | **03.12.2022** | 3 Декември - Деца со посебни потреби | Пепица Јаначковска Стојчевска | Елина Миленковска VII<br>Мила IX-3<br>Теодор Петровски VII | I-награда<br>II -Награда<br>III- награда |
| **21.** | | Еко-мода | Пепица Јаначковска Стојчевска | Мила Јакимовска јVIII-1<br>Нина Михаилова<br>Михаела Маџовска<br>Елена Додевска<br>Меланија Тасевска<br>Ивана Стојановска | I -награда<br>Учество<br>Учество<br>Учество<br>Учество<br>Учество |
| **22.** | **1 Април** | 1 -Априлски маскенбал во Пробиштип | Пепица Јаначковска Стојчевска | Сите ученици од VIII-1 | Благодарница |
| **23.** | | Работилниц а во музеј | Пепица Јаначковска Стојчевска | Ина Димитровска VI-1<br>Ивана Стојановска IX-2<br>Теодора Станковска VIII-2 | Пофалници |
| **24.** | | Ние сме зелена генарација и зелена енергија | Пепица Јаначковска Стојчевска | Теодора Станковска<br>Ивана Стојановска<br>Михаела Георгиевска | Благодарница |
| **25.** | | Денот на Црвен крст | Пепица Јаначковска Стојчевска | Теодора Станковска | III- награда |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **26.** | | Велигденска традиција 2023г | Пепица Јаначковска Стојчевска | Учениците од VIII-3<br>Теодора Станковска | II- награда<br>I-награда |
| **28.** | **04.02.2023** | Општински натпревар по математика | Живка Стоилковска | Наум Николовски IVодд.<br>Андреј Тодоровски<br>Јована Стаменковска | III -награда<br><br>Пофалница<br>Учество |
| **29.** | **04.03.2023** | Регионален натпревар по математика | Живка Стоилковска | Наум Николовски<br>Јована Стаменковска | Пофалница<br>III-награда |
| **30.** | **10.03.2023** | Општински натпревар по Природни науки | Живка Стоилковска | Наум Николовски<br>Јована Стаменковска<br>Лара Павловска<br>Миа Николовска | II-награда<br>III-награда<br>III-награда<br>Пофалница |
| **31.** | **10.04.2023** | Регионален натпревар по Природни науки | Живка Стоилковска | Лара Павловска<br>Наум Николовски<br>Јована Стаменковска | II-награда<br><br>III-награда<br><br>III-награда |
| **32.** | **10.06.2023** | Државен натпревар по Природни науки | Живка Стоилковска | Лара Павловска | Потврда за учество |
| **33.** | **04.02.2023** | Општински натпревар по математика | Јасмина Станковска | Софија Алексовска IV-2<br>Ева Филиповска<br>Дарија Пешевска<br>Ева Трајчева | I-награда<br><br>III-награда<br>Пофалница<br>Пофалница |
| **34.** | **04.03.2023** | Регионален натпревар по математика | Јасмина Станковска | Софија Алексовска<br>Ева Филиповска | III-награда<br>пофалница |
| **35.** | **10.03.2023** | Општински натпревар по природни | Јасмина Станковска | Софија Алексовска<br>Војдан Илиевски | I-награда<br>II-награда |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | науки | | Ева филиповска | II-награда |
| **36.** | **10.04.2023** | Регионален натпревар по Природни науки | Јасмина Станковска | Ева Филиповска<br>Војдан Илиевски<br>Софија Алексовска | III-награда<br>III-награда<br>III-награда |
| **37.** | | Ликовен конкурс | Јасмина Станковска | Софија Алексовска<br>Ева Филиповска<br>Сарита Демировска | Благодарници за учество |
| **38.** | **04.03.2023** | Општински натпревар по математика | Наташа Ц. Стојаносвка | Леон Тодоровски V-3<br>Јохан Ристовски | Учество<br>учество |
| **39.** | | Регионален натпревар по математика | Наташа Ц. Стојановска | Јохан Ристовски | II-награда |
| **40.** | **16.02.2023** | Училишен натпревар по англиски јазик | Драгана Трајановска | Каја Стојменовска<br>Александар Јосимовски<br>Дарио Ѓеоргиевски<br>Сара Јакимовска<br>Теодор Величковски | Потврда за учество |
| **41.** | **04.02.2023** | Општински натпревар по математика | Марија Ристовска | Михаил Митовски<br>Божица Ивановска<br>Мери Миленковска<br>Теодора Станковска<br>Лука Димитровски<br>Мила Стојановска | I место<br>Пофалница<br>Пофалница<br>III-награда<br>Пофалница<br>учество |
| **42.** | **04.03.2023** | Регионален натпревар по математика | Марија Ристовска | Михаил Митовски<br>Мери Миленковска<br>Теодора Станковска<br>Лука Димитровски | Учество<br>Учество<br>Учество<br>учество |

| Вид на награда | Натпревар | Број на награди |
|---|---|---|
| I место | општински | 9 |
| I место | регионален | 1 |
| II место | општински | 13 |
| II место | регионален | 6 |
| III место | општински | 19 |
| III место | регионален | 14 |
| III место | државен | 2 |

| пофалница | учество | благодарница |
|---|---|---|
| 23 | Училишен 5<br>Општински 5<br>Регионален 12<br>Државен 6 | 3 |

## *5.5. Вонучилишни активности*

Во Годишната програма за работа за оваа учебна година за учениците се планирани екскурзии, излети и настава во природа.

Преку ученичките екскурзии и другите слободни активности учениците се запознаваат со предметите и појавите во нивната природна средина. Нивната улога и педагошка функција е незаменлива во остварувањето на одделни цели и задачи на училиштето, а пред се во остварувањето на две битни функции: воспитно - образовната и рекреативната.

Од екскурзиите планирани со Годишната програма за работа, во текот на оваа учебна година реализирани се:

- **Еднодневен есенски излет** во блиската околина со сите ученици од нашето училиште.
- Во периодот 14-16 ноември 2022 година **со учениците од IX одделение се реализираше тридневна екскурзија низ западниот дел на Република Северна Македонија** со ноќевање во хотел „Амбасадор“ во Охрид. Екскурзијата се реализираше со посредство на туристичка агенција „Црво-Турс“ од Штип. Екскурзијата се реализираше со 54 ученици и 4 наставници. Тргнувањето беше на 14.11.2022 во раните утрински часови, а враќањето на 16.11.2022.

  За време на екскурзијата се посетени повеќе историски споменици, музеи, манастири, цркви и археолошки комплекси со цел запознавање со убавините на нашата држава но и со духовното и културното наследство на македонскиот народ.

  Со реализирање на екскурзијата во целост беа постигнати следните воспитно- образовните цели:

- усвојување и проширување на знаењата на учениците од областа на историја, географија, уметност, странски јазици, македонски јазик и литература итн.

- развивање на различни интереси, вештини и ставови преку непосредно запознавање со појавите и односите во природната и општествената средина во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето;
- запознавање на различните култури и знаменитости во нашата земја
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- развивање на позитивен однос на учениците кон националните, уметничките, научните и општокултурните вредности
- развивање на чувство на патриотизам, толеранција и соживот;
- формирање на позитивен однос кон националните, интернационалните, културните и естетските вредности
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка,солидарност и подобро взаемно запознавање

❖ **Со учениците од VI одд. беше реализирана дводневна екскурзија низ источниот дел на Р.С.Македонија.** Изведувач на екскурзијата беше Агенцијата „Дема“ од Куманово. Истата се реализираше на ден 27.04.2023 и 28.04.2023 година. На екскурзијата присуствуваа 54 ученици со нивните одделенски раководители.

- Со реализирање на екскурзијата во целост беа постигнати следните воспитно-образовните цели:
- Усвојување и проширување на знаењата на учениците од областа на историја, историја на уметноста, литературата, биологијата, туризмот;
- Поттикнување на различни интереси на учениците преку непосредно запознавање со појавите и односите во природната и општествената средина ;
- Запознавање на културно–историските знамемитости и индустриски капацитети.
- развивање на позитивен однос кон националните, уметничките, научните и културните и естетските вредности во Р. Северна Македонија;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, солидарност и подобро заемно запознавање и почитување.

❖ **Еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение до Крушево**

Екскурзијата се реализираше на 25.5.2023 година со учениците осд трето одделение од матичното и подрашните училишта со своите одделенски раководители. За време на екскурзијата беа реализирани неколку посети:

- посета на споменикот Мечкин Камен
- посета на споменикот Македониум
- посета на Спомен Куќа на Тодор Проески

Со реализирање на екскурзијата во целост беа постигнати следните воспитно-образовните цели:

- Проширување и стекнување на нови знаења,вештини и ставови преку непосредна комуникација;

- Информирање и посета на значајни културно -историски знаменитости на Република Северна Македонија;
- Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот.

❖ Во Годишната програма за работа за учениците од 5 одделение е планирана и **петдневна екскурзија - настава во природа во Струга** во месец мај. Истата не се реализираше поради слабиот одзив на учениците.

❖ Во Годишната програма за работа за сите ученици е планиран **пролетен излет** за месец мај, кој не се реализираше поради неповолните временски услови, однисни постојаните врнежи во овој период од годината.

# 6. Заштита и унапредување на здравјето на учениците

Училиштето континуирано се грижи за здравјето на учениците од повеќе аспекти: систематски прегледи, вакцинации, едукативни предавања и сл. Во текот на ова полугодие во соработка со Здравствен дом - Крива Паланка со учениците од I; III; V; VII и IX одделение е реализиран систематски преглед. Учениците од VII, VIII и IX одделение се вакцинирани според календарот за имунизација, а со учениците од VI и VII одделение е реализиран превентивен стоматолошки преглед - залевање и резалевање на фисули.

Врз основа на Годишната програма работа за 2022-2023 година на 28.11.2022 година и на 30.11.2022 година со учениците од I и IV одделение се реализирани едукативни работилници тема **„Орално здравје, градба и функција на оралната празнина** и **„Правилна исхрана и контрола на внес на шеќери“** Овие две предавања беа одржани од страна на Др.Лиле Стојановска, стоматолог во Здравствен дом-Крива Паланка. Учениците беа запознаени со важноста на оралното здравје ,како и контрола на внесот на шеќери во организмот .

На 24 март во нашето училиште со девојчињата од петто одделение, се одржа предавање од Always - Едукативна училишна програма за пубертет под наслов ,, Се што сакаш да знаеш за пубертетот". Целта на ова предавање е да се помогне во едукација на девојчињата во основните училишта, а се однесува на промените во пубертетот, интимна хигиена и животниот стил.

Покрај тоа стручната служба, одделенските раководители и наставниците според своите програми за работа реализирааа едукативни работилници за здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето и превенција од зависности.

# 7. Соработка на основното училиште со родителите

Информираноста на родителите од оваа учебна година е подобрена и е на повисоко ниво, односно родителите преку електронскиот дневник добиваат неделни извештаи за активностите на нивните деца на училиште. Дополнително, родителите и старателите на неделна основа добиваат и СМС пораки на нивните мобилни уреди.

Соработката со родителите се реализира и преку индивидуални и групни средби на кои се дискутира за напредокот и постигнувањата на учениците, нивниот успех, поведение и изостаноци и се работи на надминување на утврдени проблеми на учениците. Во текот на оваа учебна година се реализирани пет групни родителски средби. Континуирано, во текот на целата учебна година во соработка со одделенските раководители се вршеа редовни месечни прегледи на состојбите во паралелките, при што се идентификуваа случаи со *зголемен број на изостаноци* или *намален успех на учениците*. Со учениците кои покажуваа тенеденција на отсуство од наставата, работеше педагошко-психолошката служба и одделенскиот раководител, директорот и родителите. На истиот начин беа решавани проблемите со учениците кои покажуваа послаби резултати во наставата. На крајот на секој класификационен период, беше интензивирана соработката со учениците и нивните родители од страна на педагошко - психолошката служба, одделенските раководители и директорот, а беше организирана и дополнителна настава по предметите по кои учениците постигнуваа послаби резултати.

Во однос на **намалувањето на изостаноците**, **подобрувањето на успехот** и **редовноста на учениците**, беа организирани групни и индивидуални советувања на ученици и родители согласно Програма за советување на ученици и родители. Во првото полугодие се реализирани 2 работилници со 7 родители на 8 ученици кои имаат негативна оценка по три и повеќе предмети и 4 работилници со 14 родители на 14 ученици кои имаат повеќе од десет неоправдани изостаноци. Во второто полугодие се реализирани 2 работилници со 4 родители на 4 ученици кои имаат негативна оценка по три и повеќе предмети и 1 работилница со 2 родители на 2 ученици кои имаат повеќе од десет неоправдани изостаноци, **односно во текот на целата учебна година се реализирани 4 работилници со 11 родители на 12 ученици кои имаат негативна оценка по три и повеќе предмети и 5 работилници со 16 родители на 16 ученици кои имаат повеќе од десет неоправдани изостаноци.**

# 8. Работа со ученици со посебни потреби

Нашето училиште во делот на образовната инклузија соработува со Основното училиште со ресурен центар „ИДНИНА“ од Скопје, во делот на обезбедување на услугата образовна асистенција за учениците со посебни потреби. Целта на поддршката што ја даваат образовните асистенти е преку соработка со наставниците и со примена на методите на кооперативно учење и поучување да им помогнат на учениците со попреченост да учествуваат во воспитно-образовниот процес, максимално да ги реализираат своите потенцијали, да стекнат самостојност и социјална вклученост во училишната средина.

Во нашето училиште во учебната 2022/2023 година, вкупно 4 ученици со посебни образовни потреби имаат добиено препорака од Комисијата за функционална проценка за користење на услугата образовна асистенција и тоа по еден ученик во второ, четврто, петто и осмо одделение. Формиран е Училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики на ниво на училиште. За секој ученик е формиран Инклузивен тим за ученикот кој изготвува и работи според Индивидуален образовен план (ИОП), а ученикот во четврто одделение работи според Модифицирана програма, но на инсистирање на неговата мајка тој не работи со образовен асистент.

# 9. Успехот и редовноста на учениците

Во ООУ „Илинден“ на почетокот на оваа учебна година се запишани вкупно 567 ученици. Во текот на првото полугодие 4 ученици се испишани, а еден ученик е запишан, а во текот на второто полугодие се испишани уште 3 ученици, со што вкупната бројка на ученици на крајот на учебната година изнесува **561 ученик**, за разлика од минатата година кога бројката изнесуваше 602 ученици, од кои 557 ученици ја завршија учебната година а 4 ученици го повторуваа одделението. Од вкупниот број ученици 397 се во матичното училиште, 100 ученици се во ПОУ Конопница, 60 ученици се во ПОУ Мождивњак 1 и 4 ученици се во ПОУ Мождивњак 2.

Со описно оценување се опфатени учениците од I-III одделение или вкупно157 ученици. Учениците од IV-IX се оценети со бројчани оценки или вкупно 404 ученици, од кои 400 ученици се оценети а 4 ученици го повторуваа одделението. Од вкупниот број на ученици, 264 ученици имаат одличен успех, или 65,34%, 87 ученици имаат многу добар успех или 21,53%, 42 ученици имаат добар успех или 10,40%, 7 ученика имаат доволен успех или 1,73%, 4 ученици го повторуваа одделението или 0,99%.

Во однос на успехот по одделенија, најдобар успех имаат учениците во V одделение 4,58, потоа учениците од IX одделение 4,50, учениците од IV одделение 4,46, учениците од VI одделение 4,39, VII одделение 4,38, и на крај учениците од VIII одделение, среден успех 4,26. На ниво на училиште средниот успех изнесува 4,45.

По однос на половата структура од 264 одлични ученици, 150 се женски. Од 87 ученици со многу добар успех, 26 се женски. Од 42 ученици со добар успех, 18 се женски и 7 ученички имаат доволен успеход кои 3 се женски, 4 ученици го повторуваа одделението, од кои 1 женско.

По однос на успехот на учениците по предмети, може да се заклучи дека најдобар успех учениците покажуваат по предметите Програмирање 4,93, потоа Техничко образование 4,92, Истражување на родниот крај 4,92 и додека пак најслаб успех учениците имаат по предметите Хемија 3,89 и Биологија 3,98.

Во текот на оваа учебна година направени се вкупно 9890 изостаноци или 17,63 изостаноци по ученик. Изречени се 5 педагошки мерки вкупно 5 усни опомени на 5 ученика.

Податоците за постигнатиот успех, редовноста и поведението кај учениците од I-IX одделение на крајот на учебната 2022/23 година подетално се прикажани во табеларните прегледи кои се дадени како прилог на овој извештај.

# 10. Проекти кои се реализираат во училиштето

Оваа учебна година училиштето продолжи со реализација на активности од повеќе проекти:

- Продолжи реализација на проектот на тема: Критичко размислување, решавање на проблеми и кодирање во рамките на програмата **„Училишта на 21 век“** подржана од МОН;
- Во рамките на проектот **„Меѓуетничка интеграција во образованието“** и оваа учебна година продолжуваат активностите со партнер училиштето ООУ„Симче Настовски“ од Вратница, ПОУ Јажинце. Во овој проект оваа учебна година се реализираа 4 активности по претходно изготвена програма од наставниците во рамките на училиштето и тоа:
- Долготрајна активност на ликовната секција каде учениците изработуваа дела со ликовните техники мозаик и витраж.
- Долготрајна активност на јазичната секција со библиотекарската секција и секцијата по информатика каде учениците учеа зборови на јазикот на другите и изработија речник со зборови на македонски и албански јазик.
- Долготрајна активност по предметот природни науки каде учениците практично изработуваа експерименти по предметот природни науки.
- Долготрајна активност по предметот физичко и здравствено образование каде учениците изведуваа спортски активности и забавни игри за интегрирање на учениците.

Нашето училиште аплицираше за грант за реализација на активности кои придонесуваат за унапредување на мултикултурализмот, мултиетничката интеграција и толеранција за 2022/2023 година. Грантот е во вредност од 30000 денари и истиот е искористен за купување на смарт табла за потребите на ПОУ„Илинден“ во с.Конопница.

- Училиштето продолжи со реализација на активности по претходно изготвена програма за **„Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем“**. Од овој проект во текот на ова полугодие се реализирани следниве активности:

- одбележан е 16 Септември – ***„Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка“*** преку читање реферат;
- одбележан е 22 Септември - ***„Меѓународен ден без автомобили“***;
- одбележан 08 Октомври - ***Меѓународниот ден за намалување и уништување на природата;***
- одбележан е 16 Октомври – ***„Меѓународен ден на храната“***- преку предметот Вештини за живеење и други предмети;
- одбележан е 5 март – „***Светски ден за заштеда на енергија***“ - преку изработка на паноа и ѕиден весник
- одбележан е 22 март – „***Светски ден за заштеда на водите*** “
- одбележан е 7 април – „***Светски ден на здравјето“*** - учество во Кампањата за здравје органзиирана од страна на Институтот за јавно здравје на РСМ и работилница во Europe House
- одбележан е 22 април – ***„Светски ден на планетата“***

- одбележан е 31 мај – „***Светски ден против пушењето“*** - предавање од страна на претставници од Институтот за јавно здравје на РСМ

- Во рамки на проектот **„Безбедно училиште“** се реализирани следниве активности:
    - Изготвен е Кодексот на однесување на сите структури во училиштето.
    - Изгорвен е Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување
    - Во текот на учебната година се вршеа презентации и работилници со актуелни теми од денешницата: конфликти, штетност од дрога, алкохол, а исто така се работеше на превенција на насилството и беа реализирани активности во прилог на намалување на насилството.

- Учениците од четврто одделение од основното општинско училиште „Илинден“, Крива Паланка, од паралелката на наставничката Живка Стоилковска петта година по ред се дел од интернационалниот проект **„Магична мрежа на пријателство“**

  Пет години, пет кругови, пет теми со кои ширум светот на англиски јазик или на свој мајчин јазик работеа 65000 ученици, од 2350 училишта од 70 земји. Главната цел на проектот е зајакнување на учениците и наставниците во сферата на интеркултуралноста, преку глобално вмрежување, потенцирање на врсничкото учење за другите народи, нивните земји и култури и постигнување на четвртата цел на седумнаесет развојни цели на ОН. Проектот е основан во 2018 година и опфаќа седум модули од кои досега, успено се завршени пет: јазици во светот, религии и култури на народите во светот, рушење стереотипи и предрасуди, дигиталниот предизвик за време на пандемијата, а оваа учебна година- калеидоскоп на доблести.

  Петтиот модул беше насочен кон враќањето на доблестите: љубопитност, самодоверба, одговорност, доверба, оригиналност, креативност, снаодливост, упорност, одлучност. Преку овој проект децата и наставниците учат едни за други, но и учествуваат во конкретни цели преку четирите столбови на образованието дефинирани од Меѓународната комисија за образование на 21 век: учам да знам, учам да работам, учам да живеам заедно со другите и учам да бидам развиена личност.

- Проект **„Биди ИН, биди Инклузивен биди Инклудиран“ -** Целта на проектот е подобрување на можностите за образование на децата со попреченост преку придонес кон развојот на инклузивен несегрегиран пристап во образованието на овие деца зајакнувајќи ја нивната социјална и образовна инклузија. Преку проектот се тежнее кон целосен и еднаков пристап на децата со попреченост помагајќи на училиштата во подобрување на подготвеност и капацитетите за осмислување на инклузијата преку обезбедување на стимулативна средина за учење како и високо квалитетна прилагоденост на наставата за учење.

Проектот е финансиран од Европската унија, а имплементиран од страна на Фондацијата „Чекр по чекор“ и здруженијата „Инклузива“ и „Хендимак“ Од нашето училиште оваа учебна година имавме 3 ученика стипендисти преку проектот.

На 30 мај 2023 година тројца претставници од нашето училиште учествуваа на завршниот настан како дел од проектот Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран кој се одржа во кино Фросина при Младинскиот Културен центар во Скопје.

Оваа година заврши проектот **„Биди ИН, биди Инклузивен, биди Инклудиран“**

- Проектот **„АРИСЕ“ -** Целта на проектот е намалување на нееднаквоста во образованието. Преку проектните активности ќе се третираат прашања поврзани со сиромаштијата и нејзиното влијание врз учениците. Во склоп на проектот нашето училиште ќе биде вклучено во обуки на наставниците за холистички училишен развој, менторирање и развивање на одржливи училишни практики со цел намалување на разликите и сиромаштијата.

Проектот е финансиран од Европската унија. Во проектот се вклучени 5 училишта од РС Македонија. Кај нас го спроведува фондацијата Чекор по чекор,а паралелно се имплементира уште во 6 држави и тоа Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово и Турција.

- Како дел од активностите на проектот претставник од нашето училиште учествуваше на студиска посета во Хрватска и Словенија каде со претставници од останатите училишта од државите вклучени во проектот се споделуваа искуства во делот на имплементација на прокетот и активностите кои треба да се спроевесат до завршување на проектот.
- Од добиениот грант на проектот се опреми холот на училиштето со озвучување и катче за организирање на активности од отворен тип за учениците, и тоа: организирање на културни, едукативни и образовни активности, поетски читања, изложби, ораторски говори, драматизации, отворени часови-поглед кон иднината, работилници за животни вештини, еколошки работилници, дебати на одредени теми, работилници за здрави животни навики-унапредување на здравјето, организирање на оторени денови за наука, култура, уметност, музички перформанси, прием на познати и истакнати личности од јавниот, општествениот и културниот живот (спортисти, музичари, уметници).
- Реализиравме повеќе обуки на теми поврзани со Социо-емоционалната средина и клима за учење организирани од страна на проф. д-р Симона Палчевска.
- На 26 јуни во УГД Штип претставник на координативното тело од проектот АРИСЕ учествуваше на состанокот за усвојување на Патоказите за политики за намалување на нееднаквоста во образованието.
- На 28 јуни во нашето училиште е доставена донацијата (адаптација на просторот и озвучување) за реализирање на активностите од проектот АРИСЕ за намалување на нееднаквоста во образованието.

- Проект **„Книга за опстанок на луѓето“** - Целта на проектот е подобрување на читачките вештини кај учениците. Овој проект се реалзира преку Еразмус+ програмата од Европската унија. Во проектот се вклучени вкупно 5 држави. Од

нашето училиште се вклучени наставници и ученици кои ќе учествуваат во мобилностите преку проектот и тоа:

- Мобилност во Романија (Букуреш–Галати-Бран-Брашов), во периодот од 03 до 09 Октомври 2022 година. (учество зедоа 7 ученика и 3 наставници)
- Мобилност во Полска - Беџумин (Będzymin), во периодот од 10 до 16 Април 2023 година. (учество зедоа 5 ученика и 2 наставника)

  Во јуни 2023 година проектот **„Книга за опстанок на луѓето“** заврши.

- Проектот E= MD^2 - **Усовршување на математичкото образование преку (е-) дебата и различност“**

  Проектот има за цел да ги подобри математичките вештини кај учениците. Преку проектот ќе се изнајдат пристапи кон извонредност во математичкото образование преку зголемување на мотивацијата за учење во инклузивна училница. Со активностите од проектот ќе се зголеми нивото на постигања по математика кај ученици со математички пречки (дислексија, дискалкулија, дисграфија, математичка анксиозност...). Паралелно наставниците ќе ги зајакнат своите компетенции, преку споделување знаење, размена на искуства и развивање на нови образовни пристапи кои ќе придонесат за проширување на знаењатата по математичкото образование во инклузивна училница. Фокусот на проектот ќе биде ставен кон учениците кои имат одредени лесни ментални пречки и кои одат заедно со нивните врсници во училиште. Проектот е финансират од Еразмус+ програмата, а се реализира во партнерство со Шпанија, Кипар, Романија, Хрватска и Република Северна Македонија.

  - Во периодот од 20-24 септември беше реализирана вториот транснационален состанок во Кипар-Грција на кој зедоа учество проектниот тим од нашето училиште;
  - Во периодот од 18 до 21 Април 2023 година тим од нашето училиште зеде учество на Третиот транснациоанален состанок во организација на Училиштето **“Ion Agârbiceanu” Alba Iulia, Романија.**
  - Како дел од активностите на проектот E = MD^2 : Excellence in Math Education through (e-) Debate and Diversity, Општинското основно училиште „ИЛИНДЕН“ Крива Паланка организираше локална мини-конференција и вистински MATHDEBAT натпревар. На конференцијата присуствуваа наставници по математика и ученици од општините Крива Паланка и Ранковце, каде дебатираа за одредени математички задачи поврзани со секојдневниот живот. Вистинска можност да се слушнат размислувањата на учениците.

- Проектот **„Училишта кои го промовираат здравјето“** –е училиште кое постојано го зајакнува својот капацитет како безбеден и здрав амбиент за живеење, учење и работа. Концептот на Училишта кои го Унапредуваат Здравјето е пристап на ″целото училиште″ за унапредување на здравјето и образовните достигнувања, преку искористување на организацискиот потенцијал на училиштата за унапредување на севкупното здравје на учениците и за постигнување на позитивни образовни резултати. Нашето училиште е едно од пилот училиштатат вклучени во проектот. Проект е поддржан од МОН, Министерство за здравство и World Health Organization (WHO).

  - На 23 декември 2022 год. претставници на училиштето на покана од СЗО, МОН и МЗ учествуваа на настан каде беа промовирани четирите пилот училишта кои

ќе го имплементираат проектот Училишта кои го унапредуваат здравјето.

- Преку проектот се формира ученички клуб кој работи на активности и обуки за унапредување на здравјето.
- Оргазниарана работилница „Факти за здравјето“- Дали сте знаеле дека....
- По повод 7 Април Меѓународен ден на здравјето учениците и наставниците членови на училишниот клуб организиаа работилница во Europe House.
- Претставници од ученици и наставници од клубот зедоа учество во Кампањата за здравје организиирана од страна на Институтот за јавно здравје на РСМ
- Во рамки на Светскиот ден без тутун покрај спроведените кампањски активности во нашето училиште имаше предавање од страна на претставници од Институтот за јавно здравје на РСМ проф. д-р.Елена Ќосевска и д-р Татјана Лековска Стоицовска на тема „Штетните влијанија на тутунот врз здравјето на луѓето“.

### *10.1. Други реализирани активности во училиштето*

- По повод 1-ви Септември во училишниот хол се организираше пригодна програма со свечен прием на првачињата на првиот училишен ден во присуство на родителите, наставниците, директорката и градоначалникот на Општината кои се обратија пред присутните и на првачињата им посакаа успешен почеток на нивното школување.

- Во периодот од 16 до 22 Септември 2022 година, нашето училиште се приклучи кон одбележувањето на Европската недела на спортот под мотото: **„Безбедни и здрави со одржлива мобилност“.** Цел на активностите е подигнување на свеста кај сите чинители од локално, регионално и национално ниво, како и спроведување на активности за употреба на алтернативен еколошки транспорт, цели кон намалување на емисиите и ублажување на можните последици од истите по животната средина.

- Во периодот од 05-09.10 2022 година со најразлични активности, во нашето училиште се одбележа **Детската недела под мотото „Другарството е дел од детската среќа“,** а на 7.10.2022 година во нашето училиште на свечен начин го одбележавме и приемот на првачињата во Детската организација, кои даденото ,,Ветување" заедно го слушнаа и едногласно го повторија.

- Месец октомври е одбележан како **Месец на штедењето**, по тој повод учениците од второ и четврто одделение од ООУ„Илинден” Крива Паланка ги посетија филијалите на НЛБ, ЦКБ и Стопанска банка каде имаа можност искуствено да се запознаат со важноста на штедењето и начинот на работење то на банките.

- На ден 07.11.2022 г. учениците од нашето училиште го реализираа своето медиумско претставување во контактно-училишната програма Ѕвон Контактно Училишна Програма. Целта на гостувањето беше претставување на

училиштето преку активности, проекти, награди и признанија што се реализирани од страна на учениците, наставниците, родителите и други соработници. Во емисијата учениците се претставија со ритмичка точка, драматизации, рецитали, креативни работилници и претставување на нашата културна традиција и обичаи.

- Одбележан е **Месецот на книгата,** кој веќе традиционално се одбележува секоја година во периодот од **15 октомври до 15 ноем**ври, со цел да се придонесе за популаризација на читањето меѓу учениците. Со низа активности посветени на книгата, литературата и на читањето го одбележавме овој месец. Учениците беа креативни, учествуваа во изработка на корица на книга. Твореа на темата: Книгата е мојот најверен пријател! Изработија брошури со пораки за книгата и кои се придобивките од читањето. По тој повод учениците од четврто одделение извршија посета на НУ Центар за култура - Крива Паланка. Среќни,весели и насмеани дечиња со големи импресии, но и проширени знаења за важноста на читањето книги.

- По повод 3-ти декември - **Меѓународниот ден на лицата со попреченост**, нашите ученици учествуваа на ликовен и литературен конкурс, организиран од Центарот за поддршка на лицата со интелектуална попреченост ,,Порака" - Крива Паланка. Учениците твореа на темата: ,,Никој да не биде изоставен" и освоија повеќе награди.

- Нашите ученици, заедно со нивните наставници по македонски јазик го одбележаа 8ми Декември - **Денот на Св. Климент Охридски**, со изработка на презентации и литературни творби.

- На 9-ти декември претставници од Црвен Крст – Крива Паланка реализираа работилница под мотото **,,Информирај се и донеси одлука"** со цел :
  -Информирање и едуцирање на учениците од ООУ,,Илинден" за правилна превенција од болестите на зависност (дрога, алкохол, цигари),
  -Подигање на свеста за развојот на модерните зависности од интернет, видео игри и социјални мрежи.
  -Зависност од брзата неправилна исхрана.

- Одбележување на 9 Декември - **Меѓународен ден за борба против корупцијата**, преку интерактивна, едукативна работилница спроведена со учениците од VII одделение под менторство на наставничката Христина Илиевска, На истата, учениците имаа можност да се запознаат со поимот корупција како негативна општествена појава и преку игра од реални примери самите да откриваат и да препознаваат коруптивни и антикоруптивни форми на однесување. Оваа работилница, е дел од годишната програма за Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта.

- Учениците од ООУ „Илинден“ се опфатени со кампањата **„Здрава ужинка за секое дете“** на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, За здрави млади генерации, за навики кои градат здрави личности, продуктивни за заедницата на учениците од нашето училиште на 10 декември им се поделија јаболката од страна на министерот, Љупчо Николовски и градоначалникот на Општина Крива Паланка- Сашко Митовски.

- Во пресрет на Новогодишните празници, од страна на вработените во ОВР Крива Паланка, на 19.12.2022 година во нашето училиште се реализира едукативна работилница со учениците од четврто, петто, осмо и деветто одделение на тема **„ Детска радост и тага “ по мото-„Внимание! Петардите не се играчка“.** Преку оваа работилница беше испратена порака-да не користиме петарди и пиротехнички средства за да можеме безбедно и сигурно да ги прославиме претстојните празници.

- Според програмата за заштита од насилство на 23. 12 2022 година во нашето училиште се реализираше **едукативна работилница на тема ,, Насилство и видови насилство "** со учениците од осмо и деветто одделение. Истата беше реализирана од страна на претставници од ОВР Крива Паланка.

- По повод новогодишните празници ООУ "Илинден" организираше **Новогодишен базар** во матичното и подрачните училишта, кој беше од продажен карактер и имаше хуманитарна цел. Учениците во соработка со своите креативни наставници и секако родителите го збогатија овој Новогодишен училишен базар со превкусна храна и најразлични кративни дела, дела кои беа изработени во рамките на училишните работилници како и лични изработки на учениците помогнати од родителите. Преку овој настан испратија заедничка порака и честитка за успешна и бериќетна 2023 година.

- Во соработка со ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка на 1 март со учениците од четвртите одделенија во нашето училиште се организираше работилница за изработка на мартинки. На часовите по ликовно образование беше организирана интерактивна настава и успешно реализирана работилница на која младите креираа и учеа за „Мартинките", како традиционални изработки поврзани со стариот народен празник Ксантика, што произлегува од македонската древна традиција.

- На 24 март во нашето училиште со девојчињата од петто одделение, се одржа предавање од Always - Едукативна училишна програма за пубертет под наслов ,, Се што сакаш да знаеш за пубертетот". Целта на ова предавање е да се помогне во едукација на девојчињата во основните училишта, а се однесува на промените во пубертетот, интимна хигиена и животниот стил.

- Одбележување на 1-ви Април-денот на шегата со учество на нашето училиште на настанот "Првоаприлски маскенбал", организиран од Општина Крива

Паланка и освоената награда на учениците од 3-1 одделение на ревијалното претставување.

- По повод големиот празник Велигден, учениците од ООУ "Илинден" беа вредни и креативни и со свои изработки од природен материјал, коноп и велигденски јајца ја збогатија манифестацијата Велигденска традиција 2023 организирана од Општина Крива Паланка и ЛУ Градски Музеј-Крива Паланка. Манифестацијата беше од натпреварувачки карактер, при што учениците од 8-3 одделение го освоија второто место во категоријата најубава велигденска декорација 2023, а ученичката Теодора Станковска го освои првото место во категоријата најубаво велигденско јајце 2023.

- На покана на Ну Центар За Култура Крива Паланка, на ден 28 април во работна и позитивна атмосфера учениците од ПОУ "Илинден" с. Конопница, се запознаа со творештвото на истакнатиот писател Горјан Петрески и имаа можност да презентираат свои творби.

- Традиционално секоја година на 7 Мај нашето училиште го одбележува Патрон празникот. За таа цел оваа учебна година во периодот од 2-5 мај се организираа отворени денови на кои беа реализирани активности од повеќе области:
  - Прв ден(2.5.2023 вторник) - Природни науки - експерименти;
  - Втор ден(3.5.2023 среда) - Македонски јазик-литературно читање под мотото „Читам значи постојам, творам значи размислувам“ и промоција на Еразмус проектите;
  - Трет ден (4.5.2023 четврток) - Спортски ден, на кој учесници беа учениците од централното училиште и подрачните училишта од Конопница и Мождивњак, кои се натпреваруваа во Футсал -машка конкуренција и Кошарка - женска конкуренција;
  - Четвртиот ден (5.5.2023 петок) се оддржа свечена приредба во холот на училиштето
  - На 8.5 2023 година под мотото ,,Со нивното растење ќе расте и нашата радост" чествувањето на Патрон празникот на ООУ ,, Илинден" се одбележи со традиционалното садење на дрвца, во дворот на централното училиште и подрачните училишта. Оваа акција беше реализирана од страна на учениците од деветто одделение кои заедно со своите одделенски раководители засадија дрвја и покажаа дека грижата за училиштето и уредувањето за школскиот двор треба постојано да се обновува и збогатува.

- Учениците од нашето училиште на 12 мај зедоа учество во големата еколошка акција за чистење на отпад „Генералка викенд “, организирана од Општина Крива Паланка.

- На покана од страна на Кабинетот на Претседателот на државата г-дин Стево Пендаровски учениците од второ одделение од ООУ”Илинден” Крива Паланка

во рамките на #ОтворенКабинет оствариja средба со претседателот. На средбта се запознаа со работните обврски на председателот, за личните афинитети на учениците во рамки на образовниот процес, како и за важноста од инклузивноста и соработката меѓу учениците.

- Во пресрет на Денот на пожарникарите, 20 Мај, ООУ Илинден беше домаќин на тактичко - показна вежба за укажување прва помош и спасување од несреќи, во заедничка организација на Општинската организација на Црвен Крст Крива Паланка и Територијална Противпожарна Единица Крива Паланка, домаќин, а беше одржан и општинскиот натпревар по прва помош.

- Како дел од проектот “Градење со ЛЕГО коцки: Еко градови на иднината” учениците од II и IV одделение од нашето училиште едуцирајќи се за целите на Обединетите нации за одржлив развој дизајнираа одржлива урбана средина, односно со користење на лего коцките обликуваа разновидни пејсажи, архитектура, историски и културни знаменитости прикажани во блиска конекција со човекот и природата.

- На Свечена академија по повод 24 Мај, денот на сесловенските просветители, браќата Св. Кирил и Методиј, ученичката Дениција Илиевска од деветто одделение доби признание од Општина Крива Паланка за првенец на генерација за учебната 2022-2023 година, а наставничката Маре Ангеловска, за најдобар просветен работник во одделенска настава

- Реализирана посета на учениците од петто одделение од подрачните училишта во с.Конопница и с.Мождивњак на Градски Музеј Крива Паланка, каде имаа можност да се запознаат со културното наследство на Кривопаланечко.

- На 7 јуни 2023 година наставниците по природни науки со дел од учениците од нашето училиште зедоа учество во настанот „Базар на зелени вештини за позелена иднина“ во Europe House Kriva Palanka. На овој настан се истакна важноста на природните науки во целокупниот воспитно образоване процес и можност за подигање на свесноста кај учениците за квалитетна животна средина. Темата со која се претставија беше „Искуствено учење од областа на животната средина и климатските промени“.

# 11. Извештај за работата на раководните, управните, стручните и други органи и тела во училиштето

## 11.1. *Извештај од работата на Директорот*

Во текот на учебната 2022/2023 година директорката се стремеше кон квалитетно и одговорно реализирање на активностите од програмата за работа на Директорот како и за реализирање на зацртаните приоритети и активностите планирани со Годишната програма за работа на училиштето.

Од зацртаните приоритети во работата на училиштето во текот на учебната 2022/2023 година се реализирани следниве:

- Зголемување на опременоста на училиштето со наставни средства и материјали;
- Унапредување на процесот на следење на развојните потреби на наставниот кадар и подобрување на менталното здравје кај учениците;
- Подобрување на училишната клима и условите за работа во училиштето.

  Во текот на оваа учебна година директорката својата работа ја насочи кон реализирање на следниве активности:
- изготвување на Годишната програма за работа на училиштето;
- изготвување план за работа на Наставничкиот совет и водење седници на Наставничкиот совет;
- избор на наставници;
- посета на часови;
- подготвување на материјали за седници на Училишниот одбор;
- одобрување отсуства на наставници и ученици;
- донесување одлуки за користење материјални средства;
- контрола на финансово и административно работење;
- грижа за подобрување на условите за работа;
- соработка со Советот на родители;
- следење на реализацијата на наставата и вкупната работа на училиштето.

## 11.2. *Извештај за работата на Училишниот одбор*

**Училишниот одбор е составен од 7 члена и** работи соогласно сопствена Годишната програма за работа. Во текот на оваа учебна година сите седници се редовно одржани, со мнозинство на членовите од УО, а со нив раководи претседателот на УО. Состаноците се од отворен карактер и по потреба покрај членовите на УО присуствуваат и директорот, секретарот, стручната служба како и претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

Училишниот одбор во текот оваа учебна година одржа повеќе седници на кои се разгледани поголем број на различни прашања и донесени одлуки за истите, меѓу кои:

- Усвојување на записници од претходните седници;
- Усвојување на Годишната програма за работа на училиштето и Извештајот за работа на училиштето во изминатата учебна година;
- Предлог за избор по објавен јавен оглас за пополнување на работно место;
- Предлог – Годишен финансиски план за 2023 година;

- Верификација на мандат на член на Училишен одбор;
- Донесува одлука за спроведување попис;
- Усвојување на одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор;
- Разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето.

## 11.3. *Извештај за работата на Наставничкиот совет*

**Наставничкиот совет** во текот на оваа учебна година одржа 11 седници на кои беа разгледувни следниве аспекти на наставата:

- Запознавање со извршените подготовки за започнување на учебната година и конкретизирање на обврските и задолженијата на наставниците;
- Снабдување со учебници и инплементација на новата концепција за I; II; IV и V одделение;
- Одредување на одделенски раководители за I и VI одделение во матичното и подрачните училишта;
- Успехот, редовноста и дисциплината на учениците по класификациони периоди;
- Предлози и мерки за подобрување на успехот и поведението;
- Извештај од реализирана екскурзија и есенски излет;
- Заклучоци од Интегрална евалуација;
- Извештај од спроведена самоевалуација за период 2020-2022 година;
- Известување за формирана Комисија за изготвување на Развојна програма за работа на училиштето;
- Избор на претставник од редот на наставниците и стручните соработници за член во Училишен одбор;
- Запознавање со предлог-извештајот од интегралната евалуација;
- Известување од комисијата за прегледување на педагошка документација,
- Запознавање со Полугодишен извештај за работа на ООУ„Илинден“-Крива Паланка за учебната 2022-2023 година;
- Запознавање со извештајот од Комисијата за прегледување на педагошка документација;
- Запознавање со Развојната програма за работа на ООУ„Илинден“-Крива Паланка за периодот од 2022-2026 година;
- Запознавање со Кодекс на однесување и Куќен ред на ООУ„Илинден“-Крива Паланка;
- Запознавање со Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Активности за одбележување на Патрон празникот на училиштето;
- Реализирање на МИО активности со партнер училиштето „Симче Настовски“;
- Правилник за пофалби, награди и избор на првенец на генерација;
- Формирање на Комисија за изготвување на анкети за изборни предмети и Комисија
- Прогласување на ученик - првенец на генерација;
- Запознавање со Годишниот извештај за работа на ООУ „Илинден“- Крива Паланка;
- Запознавање со Годишната програма за работа на ООУ „Илинден“- Крива Паланка
- Актуелни прашања од наставата и прашања од стручен карактер;
- Останати прашања поврзани со работата на училиштето.

### *11.4. Извештај за работата на стручните соработници*

Од минатата учебна година стручната служба ООУ„Илинден“ покрај психолог, педагог и библиотекар е надополнета со специјален едукатор и рехабилитатор и уште еден библиотекар. Сите имаат изготвено годишни програми за работа и во текот на оваа учебна година ги реализираа активностите планирани со програмите за работа.

Стручните соработници своите работни должности ги извршуваат согласно Законот за основно образование; Статутот на училиштето и Инструментот за вреднување на постигањата на работните должности на стручните соработници.

Својата работа воглавно ја реализираа преку следниве подрачја :

- Планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа;
- Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето;
- Советодавно-консултативна работа со наставниците;
- Работа со учениците;
- Соработка со родителите;
- Аналитичко-истражувачка работа (изготвување на стручни материјали)
- Општо стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар;
- Водење педгошка евиденција и документација.

Во рамките на овие подрачја стручните соработници реализираа активности планирани со сопствените програмати за работа:

- подготовка на сопствената работа, изготвување на планирања и програми на ниво на училиште;
- соработка со наставниците и родителите;
- реализирање на групни и индивидуални советувања со родители и ученици кои имаат повеќе слаби оценки и имаат поголем број на изостаноци во наставта, чија цел е да се открие причината за слабите оценки и за големиот број на изостанувања од наставата и да се пронајде начин за подобрување на постигнувањата и намалување на нередовноста.
- советодавна работа со учениците, работа со деца со посебни образовни потреби;( нивно следење и пружање на дополнителна стручна помош за совладување на програмските барања, како и индивидуална работа со нив)
- стручна поддршка на учениците со потешкотии во развојот и на учениите од социјално загрозени семејства и соработуваа со пошироката општествена заедница.
- работа со надарени ученици и деца со посебни потреби;
- следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и вонпаставните активности;
- работа на унапредување на воспитно-образовната работа;
- работа во комисии и работа во стручни органи и тела, посета на часови;
- активно учество во проектите и програмските активности во кои е вклучено училиштето;
- учество во изработка на статистички извештаи, анкети и анализи;
- организирање и водење на работата на училишната библиотека;
- следење на навременото вакцинирање на учениците;
- соработка со локалната средина и други институции;

- водење на професионално досие и педагошки картон на наставниците;
- водење на сопствена евиденција и документација;
- аналитичко-истражувачка работа и лично стручно усовршување
- активности за подобрување на безбедноста во училиштето и зголемување на мултиетничката интеграција и други тековни работи.

## *11.5. Извештај за работата на стручните активи*

За успешно реализирање на наставниот процес наставниците од нашето училиште се групирани во 3 стручни активи:

- Стручен актив на одделенска настава;
- Стручен актив на општествено-јазично подрачје ;
- Стручен актив на природно-математичко подрачје.

Пред почетокот на учебната година стучните активи изготвија годишни програми со планирани активности кои треба да се реализираат за да се постигнат посакуваните цели и задачи. Активностите предвидени за учебната 2022/2023 година во целост се реализирани а се однесуваат на следните активности:

- усовршување и прилагодување на програмите на ниво на возраста на учениците;
- осовременување на наставата со воведување на новите техники на учење;
- соработка со родителите и учениците;
- работа со ученици со послаби постигнувања, подготовка на учениците за регионалните и државните натпревари;
- перманентно следење и оценување на учениците со различни инструменти , показатели, стандарди;
- подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи методи,форми и нагледни средства во наставниот процес;
- зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците за сопствено напредување;
- дискутираа и разработуваа стручни теми за унапредување на воспитно-образовниот процес;

### *Годишен извештај за реализирани активности од стручен актив за одделенска настава за учебната 2022/23 година*

| Ред. бр. | Содржина | Време на реализација | Реализатор | Бр. на присутни наставници | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување програма за работа<br>Насоки за изготвување на Личен план за професионален развој | 25.08.2022год | Одговорен наставник Марија Тренчовска<br>Снежана Јакимовска – психолог | 18 | Изготвена годишна програма<br><br>Стекнување нови знаења |
| 2 | Договор за предновогодишни активности на | 07.12.2022год | Снежана Јакимовска - психолог | 15 | Стекнување нови знаења |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | учениците и организирање на новогодишен базар | | | | |
| 3 | Работилница за изработка на Развоен план на училиштето | 14.12.2022год | Добри Јовевски-одделенски наставник (ментор) | 21 | Стекнување нови знаења |
| 4 | Нагледен час | 23.12.2023год | Славица Ангеловска-одделенски наставник | 16 | Стекнување нови знаења |
| 5 | Нагледен час | 27.02.2023год | Елена Стојановска-одделенски наставник | 23 | Стекнување нови знаења |
| 6 | Нагледен час | 04.04.2923год | Наташа Стојанова-одделенски наставник | 17 | Стекнување нови знаења |
| 7 | Протокол за постапка, пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br><br>Работилница за психосоцијална подршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза | 26.05.2023год | Снежана Јакимовска-психолог | 27 | Стекнување нови знаења |
| 8 | - Разгледување и давање предлози за Програма за воннаставни активности<br>- Разгледување и дискусија за Правилник за педагошките мерки<br>- Избор на нов координатор на стручниот актив за одделенска настава | 22.06.2023год | Одговорен наставник Марија Тренчовска | 26 | -Изготвување на Програма за воннаставни активности<br>- Утврдени педагошки мерки<br>- Избран нов координатор |

Одговорен наставник:
Марија Тренчовска

***Годишен извештај за работа на стручен актив на општествено-јазично подрачје за учебната 2022/2023 година***

| Ред. бр | Содржина | Реализатор | Време на реализација | Број на присутни наставници | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изготвувањепрограма за работа | Одговорен наставник Даниела Груевска | 25.08.2022 | Сите колеги од активот за да се изготви програмата | Изготвена годишна програма |
| 2 | Климатскипромени, глобално затоплување | Моника Дејановска природни науки | 31.10.2022 | 8 | Стекнатинови знаења |
| 3. | Употреба на staffnote book за планирање во училиштето | Снежана Златковска математика | 23.11.2022 | 12 | Стекнатинови знаења |
| 4 | Работилница за изработка на Развојна програма на училиштето | Добри Јовевски | 16.12.2022 | 11 | Стекнување нови знаења |
| 5 | Изготвен полугодишен извештај за работата на Стручниот актив | Даниела Груевска одговоренна актив | 23.01.2023 | | |
| 6 | Протокол запостапка за пријавување и заштита на ученик – жртва на која било од формитена насилство, злоупотреба и занемарување | Снежана Јакимовска Училишен психолог | 07.03.2023 | 12 | Сите наставницисе запознаенисо протоколот |
| 7 | Придобивки односата дигитална алатка quizzes | Сашко Спасовски англиски | 21.03.2023 | 11 | Стекнување нови знаења |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Правилник завидовите на пофалби, награди и номинирање,избор и прогласувањена првенец нагенерација и пофалени ученици при ООУ,,Илинден,,Крива Паланка | Сите членови на активот | 12.04.2023 | 11 | Изготвен правилникот за пофалби награди и номинирањеи прогласување на првенец на генерација |
| 9 | Работилница за психосоцијална подршка на менталното здравје и добросостојбана децата и возрасните воситуација на криза. | Снежана Јакимовска училишен психолог | 25.05.2023 | 14 | Стекнување нови знаења |
| 10 | -Правилник за регулирање за редовноста, изостаноците на учениците од наставата,видот на педагошките мерки и нивното изрекување<br>-Концепција за воннаставни активности<br>-Избор на нов одговорен наставник на активот | Дискусијамеѓу членовитена активот | 23.06.2023 | 9 | Изготвен Правилникза педагошки мерки |
| 11 | Изготвен годишен извештај за работата на стручниот актив | Одговорен наставник Даниела Груевска | 29.06.2023 | | |

Одговорен наставник:
Даниела Груевска

***Годишен извештај за реализирани активности од стручен актив на Природно - математичко подрачје за учебната 2022/23 година***

| Ред. бр | Содржина | Реализатор | Време на реализација | Број на присутни наставници | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изготвување програма за работа | Одговорен наставник Рајна Јакимовска | 25.08.2022 | Сите колеги од активот за да се изготви програмата | Изготвена годишна програма |
| 2 | Климатски промени, глобално затоплување | Моника Дејановска природни науки | 31.10.2022 | 8(осум) | Стекнати нови знаења |
| 3. | Употреба на staff note book за планирање во училиштето | Снежана Златковска математика | 23.11.2022 | 12(дванаесе т) | Стекнати нови знаења |
| 4 | Работилница за изработка на Развојна програма на училиштето | Добри Јовевски | 16.12.2022 | 11(единаесе т) | Стекнување нови знаења |
| 5 | Изготвен полугодишен извештај за работата на Стручниот актив | Рајна Јакимовска одговорен на актив | 23.01.2023 | | |
| 6 | Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | Снежана Јакимовска Училишен психолог | 07.03.2023 | 12 (дванаесет) | Сите наставници се запознаени со протоколот |
| 7 | Густина .Одредување на густина | Тања Јовановска математика -физика | 21.03.2023 | 11 (единаесет) | Стекнување нови знаења |
| 8 | Правилник за видовите на пофалби, награди и номинирање, | Сите членови на активот | 12.04.2023 | 11 (единаесет) | Изготвен правилникот за пофалби награди и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | избор и прогласување на првенец на генерација и пофалени ученици при ООУ,,Илинден,, Крива Паланка | | | | номинирање и прогласување на првенец на генерација |
| 9 | Работилница за психосоцијална подршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза. | Снежана Јакимовска училишен психолог | 25.05.2023 | 14 четиринасет | Стекнување ниви знаења |
| 10 | 1 Правилник за регулирање за редовноста, изостаноците на учениците од наставата,видот на педагошките мерки и нивното изрекување 2.Концепција за воннаставни активности 3.Избор на нов одговорен наставник на активот | Дискусија меѓу членовите на активот | 23.06.2023 | 9(девет) | Изготвен Правилник за педагошки мерки |
| 11 | Изготвен годишен извештај за работата на Стручниот Актив | Одговорен наставник Рајна Јакимовска | 29.06.2023 | | |

Одговорен наставник:
Рајна Јакимовска

## *11.6.Извештај за работата на Совет на родители*

**Советот на родители** соработува со директорот, наставниците и стручната служба, и со свои претставници учествуваше во работата на Училишниот одбор. Во текот на оваа учебна година одржа 6 седници на кои се разгледуваше следново:

- Кооптирање на нови членови во Советот на родители;
- Запознавање со Годишниот извештај за работата на училиштето за претходната учебна година;
- Запознавање со предлог Годишната програма за работа на училиштето;
- Запознавање со Годишната програма за работа на Совет на родители;
- Запознавање со планираните проекти, планираните екскурзии во училиштето, како и со Комисија за реализација на екскурзиите;
- Вклученост на родителите во активности на училиштето;
- Учество во избор на понудувач за осигурување на учениците;
- Успехот, редовноста и поведението на учениците;
- Усвојување на Деловник за работа
- Избор на претставник од Совет на родители за член на Училишен одбор
- Запознавање со Полугодишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2022-2023 година;
- Запознавање со Развојната програма за работа на училиштето за период од 2022 до 2026 година;
- Запознавање со Куќниот ред и Кодексот на однесување на сите структури во ООУ„Илинден“-Крива Паланка;
- Запознавање со Протоколот за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Договор за одржување на полуматура и миниматура на учениците од петто и деветто одделение;
- Препораки на родителите за разговор со своите деца во услови на криза;
- На состаноците се разгледуваше и безбедносната состојба во училиштето, како и начинот на одвивањето на воспитно-образовната работа на училиштето и се даваа мислења и предлози за унапредување на истата.

## *11.7. Извештај за работата на Училишната заедница*

И оваа учебна година, во нашето училиште активно работеа **Ученичкоит парламент** и **Детска организација**. Членови на овие групи се претставници од сите паралелки кои ги претставуваа интересите на учениците, организираа редовни состаноци според изготвена програма за работа. Ова полугодие се работеше на зајакнување на капацитетите на училишната заедница со редовни состаноци. Учениците со свои изработки зедоа учество во одбележување на Детската недела и свечен прием на првачињата во Детската организација, одбележување на Европска недела на спортот, украсување на училишниот хол за новогодишните празници и Новогодишниот базар, а со свои активности се вклучија и во останатите проекти кои се реализираат во нашето училиште.

### *11.7.1. Извештај од работата на Ученичкиот парламент за учебната 2022/2023 година.*

Според предвидената годишна програма за учебната 2022/23 год. реализирани се следниве активности:

| Ред. бр. | Активност | Време | Заклучоци |
|---|---|---|---|
| 1 | Дневен ред<br>1. Запознавање на учениците со значењето и обврските на Ученичкиот параламент<br>2. Презентација на годишната програма на УП<br>3. Зошто е потребно да се формираат ученички тела (формирање и функционирање)<br>4. Тековни прашања | 28.09.2022 год почеток во 11:15 часот | Одржан состанок со претставниците,а воедно и членови на училишниот парламент од второ до деветто одделение ,психологот Снежана Јакимовска и директорката на училиштето Лорета Димитровска.Состанокот го водеше претседателот на училишниот парламент Билјана Јовановска која даде кратки информации за задачите и обврските на членовите на парламентот.Исто така обраќање имаше психологот Снежана Јакимовска која даде образложение за правата и обврските на учениците,за работата и значењето на парламентот.Директорката ги поздрави членовите и даде комплетна поддршка на ученичкиот парламент. |
| 2 | Дневен ред<br>1. Избор на раководство на Ученичкиот парламент<br>2. Тековни прашања | 28.09.2022 година со почеток во 12:00 часот | Одржан состанок со членовите на училишниот парламент.На состанокот беше дадено предлог за избор на претседател,додека пак правобранителот останува истиот од минатата година со важечки мандат,заменик претседател и записничар од страна на учениците.По пат на тајно гласање беа избрани раководните тела на парламентот и тоа:<br>Претседател:Божица Ивановска<br>Правобранител: Дениција Илиевска<br>Секретар:Бисера Илиевска<br>Заменик претседател: Меланија Тасковска |
| 3 | Дневен ред:<br>1. Одбележување на 11 Октомври<br>2. Тековни прашања | | Одржан состанок со училишниот парламент.На состанокот беа свикани учениците од VI до IX одделение.Беше разговарано за тековните активности,за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 10.10.2022 година со почеток во 9:00 часот | организирање на меѓуодделенски натпревари во кошарка и футсал.На состанокот беше договорено натпреварите да се организираат од 17-21 Октомври.Учениците се договорија самостојно да се организираат како би стекнале знаење и искуство за организација.Исто така веше разговарано за есенска прошетка и за разни активности како би се подобрила работната атмосфера во училиштето. |
| 4 | Дневен ред:<br>1. Фокус група | 13.10.2022 | Беше избрана група на ученици од УП кои учествуваа во работилница-менторска средба во врска со однесувањето,среќата и работата во училиштето за време на часовите. |
| 5 | 1. Избор на училишно лого<br>2. Еколошка едукација во образовниот систем | 08.11.2022 со почеток во 10:00 часот | Од страна на училиштето и учениците беа дадени повеќе предлози околу изборот на училишното лого и едногласно е одлучено логото да биде со фигури кои што ги симболизираат учениците во училиштето.Беше разговарано да се организираат еколошки акции-собирање на пластика која ќесе продава во отпад,а паричните средства да се користат за потребите на учениците. |
| 6 | Дневен ред:<br>1. Новогодишна магија<br>2.Тековни прашања | 10.12.2022<br>Со почеток во 12:00 часот | Одржан состанок на тема Новогодишна магија во нашето училиште(украсување и уредување на училиштето).Исто така беше разговарано да се одржи Новогодишен хепенинг.На состанокот беше дискутирано како и со што да се уреди училиштето за новогодишните празници се со цел да се добие пријатна празнична атмосфера.Од страна на учениците беа дадени повеќе предлози за набавка на украси но истите да бидат изработени од самите ученици и од рециклиран материјал.Исто така беа формирани работни групи во училиштето каде што со материјали од училиштето беа изработени декорации.Исто така се договоривме за одржување на новогодишен хепенинг,но поради пандемските услови истиот не беше одржан. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Дневен ред:<br>1. Анализа на постигнатиот успех на крајот од првото полугодие 2022/23 год<br>2.Тековни прашања | 25.01.2023 со почеток од 12:00 часот | Одржан состанок – Анализа на постигнатиот полугодишен успех и запознавање со педагошките мерки.Анализата на учениците ја образложи психологот Снежана Јакимовска.Се дискутираше за подобрување на успехот и дисциплината ,но и за мерките кои се изречени на одредени ученици.Беше образложено како редоследно и по кои критериуми се изрекуваат мерките. |
| 8 | 1. Разгледување и усвојување на куќниот ред на училиштето<br>2. Кодекс на однесување | 27.01.2023 со почеток во 10:30 часот | На состанокот детално презентираа сите точки и се разговараше за темите. Беше образложено колку е важно да се следи и почитува кодексот на однесувањето и куќниот ред.Учениците ги кажаа своите мислења што треба да се додаде во куќниот ред и кодекс на однесување.Беше даден предлог како би се избегнала нееднаквоста помеѓу учениците и едногласно се договорија за воведување на униформи на сите ученици и наставници. |
| 9 | Дневен ред:<br>1. Подобрување на успехот,поведението и дисциплината<br>2.Тековни прашања | 16.02.2023 со почеток во 11:15 часот | Одржан состанок на тема Подобрување на успехот,поведението и дисциплината на учениците.Исто така беше разговарано и за климата и безбедноста во нашето училиште.<br>Од страна на учениците беа наведени некои предлог мерки за безбедноста и здравјето на учениците(подобрување на безбедноста околу училиштето пред почетокот на наставата,повеќе дежурства во ходниците,подобрување на хигиената посебно во вецињата).Исто така беа дадени предлози за поставување на кафемат во холот на училиштето,уредување на спортското игралиште. |
| 10 | Дневен ред:<br>1. Меѓународен ден на мајката<br>2. Тековни прашања | 03.03.2023 со почеток во 12:00 часот | Одржан состанок за одбележување на Меѓународниот ден на мајката.На состанокот се истакна важноста и улогата на мајката во општеството,се дискутираше за искажувањето и благодарноста кон мајката.Се формираа работни групи за изработка на честитки.Исто така беше изготвена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | видео презентација со учениците кои го честитаат денот на мајката и истиот беше објавен на социјалните мрежи. |
| 11 | Дневен ред:<br>1.Денот на шегата<br>2.Тековни прашања | 30.03.2023<br>со почеток во 12:00 часот | Одржан состанок за првоаприлска шега каде што беше договорено учениците од одделенска настава да земат масовно учество на дефилето кое беше планирано да се одржи на градскиот плоштад. |
| 12 | Дневен ред:<br>1. Одбележување на велигденските празници<br>2.Тековни прашања | 04.04.2023<br>со почеток во 10:00 часот | Одржан состанок за претстојните велигденски празници.Беше договорено да се одржат работилници за изработка на велигденски јајца и декорации,најдобро избраните изработки да учествуваат на манифестацијата организирана од општината на градскиот плоштад. |
| 13 | Дневен ред:<br>1. Договор за одржување на меѓуодделенски спортски натпревари по повод Патрон празникот на училиштето<br>2.Тековни прашања | 28.04.2023<br>со почеток во 12:00 часот | Одржан состанок за спортски натпревари во рамките на училиштето.Беше договорено да се одржат меѓуодделенски натпревари во футсал и кошарка се со цел да се развива спортскиот дух на учениците и љубовта кон спортот.Се одржаа повеќе натпревари каде што учениците земаа масовно учество. |
| 14 | Дневен ред:<br>1.Организација за показна вежба<br>2.Хуманитарна акција<br>3.Тековни прашања | 17.05.2023<br>со почеток во 12:00 часот | Одржан состанок за организирање и определување на редари коиќе помогнат во изведување на показни вежби од страна на противпожарната единица и Црвениот крст на Кр.Паланка.Исто така беа дадени предлози за спроведување на уманитарна акција да се помогне на социјално загрозените ученици за полуматурантите и мини патурантите.Беше договорено да се соберат парични средства од целото училиште. |

Координатор на Ученички парламент
Билјана Јовановска

### 11.7.2. *Извештај од работата на Детската организација во учебната 2022/2023 година*

**Активности кои се реализирани во текот на учебната 2022/2023 год.**

Реализирани се повеќе активности почнувајки со прием на првачиња 01.09.2022 год.со пригодна програма беа пречекани новите првачиња кои потоа стапија во детската организација. Првачињата од нашето училиште со свечено ветување и пристапија на Детската организација. По тој повод се одржа свечена приредба од повозрасните ученици.

- Меѓународен ден без автомобили 21.09.2022 учениците од нашето училиште го одбележаа Меѓународниот ден без автомобили!
- Конкурс по повод Светскиот ден на штедењето 31ви октомври.
- Учениците од основното образованиеможе да испратат литературна и/или ликовна творба на темата: „Штедам за моите желби, штедам за мојата иднина“
- Гостување во SBOH ООУ,,Илинден,, реализира свое медиумско претставување во рамките на единствената контактно училишна програма „SBOH“. Целта на гостувањето беше да се претстави училиштето со сите активности, проекти што се реализираат од страна на учениците, наставниците. Во емисијата учениците настапија со ритмички точки, драматизации, рецитации, мали креативци – ликовни уметници.
- Новогодишен базар кој секоја година традиционално се одржува во нашето училиште.
- Повик за литературен конкурс.
- Велигденска работилница исто така традиционално се одржува во нашето училиште. Благодарност до сите кои помогнаа овој настан да биде реализиран. За многу години празникот!
- Есеи по повод 8 Мај- Меѓународен ден на Црвен крст
  (По повод меѓународниот ден на Црвениот крст, нашите ученици од 9то одделение, напишаат прекрасни есеи како едно мало благодарам до оваа хуманитарна организација која е секогаш во првата борбена линија кога треба да се подаде хумана рака.)
- 9-ти Мај -Ден на победата над фашизмот и Ден на Европа
  (Ширум Европа денес се одбележува 9-ти Мај како Ден на победата над фашизмот и Ден на Европа, во знак на сеќавање на завршувањето на Втората светска војна во Европа во 1945 год. и почетокот на создавањето на Европската Унија пет години подоцна.)
- “Превенција од дроги и штетни влијанија од алхохолот“
- Предавањето на тема “Превенција од дроги и штетни влијанија од алхохолот“ го реализираа двајца предавачи од вработени во МВР Во овој сегмент од предавањето се стави акцент на тоа какви видови дроги постојат, нивните краткорочни и долгорочни негативни последици и начинот од лекување од оваа зависност. Околу оваа тема се разви плодна дискусија помеѓу учениците, предавачите и одговорните наставници.
- Отворен повик за избор на Ученик правобранител и негови заменици
- АПРИЛИ-ЛИ-ЛИ на 31,03 беше одржана априлијада каде имаше избор на најкреативна убава маска Одбележување на 1 Април – Денот на шегата најдобрите беа наградени.
- МУЛТИКУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА НИЗ ОЧИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

(Една од значајните цели на мултикултурното образование е да им помогне на учениците да се стекнат со знаење, ставови и вештини потребни за ефективно да функционираат во едно плуралистичко демократско општество и да стапуваат во интеракција и комуникација со луѓе од различни групи со цел да создадат граѓанско и морално општетсво кое ќе се стреми кон заедничко добро

- Сите ученици учествува во еколошката акција на НЛБ Тутунска Банка на тема „Штедење“ каде што цел месец собираа пластични шишиња и иако не освоија награда спаѓаат во листата на училишта кои собрале задоволителен број пластичен отпад. Исто така сите ученици учествуваа во ликовниот конкурс „Штедење“ и „Да ја сочуваме нашата планета“ под организација на НЛБ Тутунска Банка.)
- Литературно творење за Гоце Делчев 03.05.2023
- Учество на учениците за Денот на Екологијата(Ден на планетата земја-проект со пораки јазик☺
- Цртање за ликовен конкурс, на тема „Нацртај го твоето омилено место во родниот град и како сакаш да изгледа“ во организација на Пакомак, Генералка Викенд 10.05.2023
- Следење на показно-тактичка вежба за укажување на прва помош и спасување од несреќа, во организација на Црвен крст-Крива Паланка и ТПЕ Крива Паланка 19.05.2023
- Конкурс за Денот на Светите Кирил и Методиј 24.05.2023
- Посета на Градски Музеј на Крива Паланка
- 4 Јуни- Меѓународен ден на децата жртви на насилство
- Светски ден на детето-активности наменети за децата 04.06.2023
- Детската организација, раководена од потребите и интересите на децата, го помага детското здружување и работи на осовременување на нејзината програмска основа со цел успешно да се влијае врз правилен раст и развој на децата. Затоа се организираат културни, забавни, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, еколошки и други активности и манифестации посветени на децата.

Одговорен наставник

Наташа Цветковска Стојановска

### *11.7.3. Извештај за работата на основната организација на ПЦК при ООУ„Илинден“-Крива Паланка во учебната 2021/2022 год.*

Во оваа учебна година во нашето училиште активно работеше Подмладокот на Црвен крст.

На почетокот од учебната година беше избран одделенски одбор од четири члена. На овој состанок беше разговарано за почитување на мерките за претпазливост од заразни болести, со цел да се подигне свеста за заштита од истите. Се разговараше за снабдување на одредени ученици со училишен прибор. Се одбележа недела на ТБЦ.

- Се спроведе акција за чистење и грижа за зеленилото во училишниот двор.
- Се разговараше за заштита од настинки, вируси и заразни болести.
- Дел од членовите од нашето училиште беа вклучени во проектот ПХВ и активно работеа. Правеа изработки и ги продаваа на плоштад, исто така продаваа и топол чај. Собраните парични средства ги донираа на сиромашно семејство.
- Зборувавме за борба против пушењето, алкохолот и наркоманијата.
- Се разговараше за тоа како да се грижиме за стари и изнемоштени лица. Да се развие чувство за хуманост, солидарност и сочувство кон старите лица.
- Членовите од ПЦК имаат посетено неколку стари лица. При посетата им носеа храна и лекови, а во зимскиот период им носеа и дрва за огрев.
- Водевме разговор за исхраната во зимскиот период заради постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана.
- Членови од нашето училиште беа на обука за Прва помош во просториите на Општинската Основна организација на ЦК на Крива Паланка.
- Предавање на тема „Денот на борба против шеќерната болест“.
- На одделенскиот час се одржа предавање на тема „Борба против шеќерната болест“ изготвено од Основната организација на ЦК на Крива Паланка.
- Одбележување на „Недела на борба против ракот“негување и подигнување нивото на здравствената култура.
- Неделата на борба против ракот се одбележа со типизирано предавање изготвено од ОО на ЦК Крива Паланка.
- Денот на крводарителството се одбележа со читање литературни творби и изложба на цртежи на тема „Капка крв-спасен живот“.
- Денот на здравјето „7-ми Април“ се одбележа со читање на тема „Биди здрав,биди силен- биди јак“.
- Учествувавме во акција, собирање пластични шишиња и хартија „Викенд акција“за развивање чувство за здрава и чиста средина.
- Анализа на работата и постигањата на одделенските одбори.
- Во пресрет на Денот на пожарникарите, 20 Мај, тактичко - показна вежба за укажување прва помош и спасување од несреќи, во заедничка организација на Општинската организација на Црвен Крст-Крива Паланка и Територијална Противпожарна Единица-Крива Паланка, домаќин ООУ Илинден.

Одговорен наставник:
Славица Ристовска

# 12. Извештај за спроведени МИО активности поддржани од грантот на Министерството за образование и наука

# со партнер училиштето ООУ„Симче Настовски“ Вратница ПУ Јажинце

Во периодот од септември 2022 до јуни 2023 год. ООУ„Илинден“ Крива Паланка во рамките на грантот за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција поддржан од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија спроведе МИО активности во партнерство со ООУ„Симче Настовски“ Вратница ПУ Јажинце.

Беа спроведени 4 долготрајни активности со партнер училиштата и тоа :

- Долготрајна активност на ликовната секција каде учениците изработуваа дела со ликовните техники мозаик и витраж.
- Долготрајна активност на јазичната секција со библиотекарската секција и секцијата по информатика каде учениците учеа зборови на јазикот на другите и изработија речник со зборови на македонски и албански јазик.
- Долготрајна активност по предметот природни науки каде учениците практично изработуваа експерименти по предметот природни науки.
- Долготрајна активност по предметот физичко и здравствено образование каде учениците изведуваа спортски активности и забавни игри за интегрирање на учениците.

Беа вклучени 72 ученици од училиштето од македонска национална припадност, 20 наставници и 20 родители од нашето училиште и уште толку ученици, наставници и родители од албанска национална припадност, од партнер училиштето. За секоја активност учениците соработуваа еднаш неделно во текот на второто полугодие во тимови формирани на платформата Microsoft Teams и за секоја активност имаа по четири заеднички средби од кои три беа одржани на платформата Microsoft Teams во присуство на стручната служба и родителите со исклучок на секција за учење на јазици која се одржуваше двапати неделно во текот на второто полугодие. На крајот беше одржана една заедничка средба со физичко присуство во ООУ„Симче Настовски“ Вратница ПУ Јажинце.

Учениците од јазичните секции соработуваа секоја втора среда во текот на целата учрбна година на платформата Microsoft Teams. Учениците од научените зборови изработија двојазичен илустриран речник македонско – албански.

На **првата заедничка средба** на ликовната секција на 7 март на платформата Microsoft Teams учениците истражуваа за ликовната техника мозаик, можностите кои ги нуди и познати дела од ликовни уметници и на крајот заеднички изработија двојазична презентација за истата. На првата заедничка средба на секцијата по физичко и здравствено образование на платформата Microsoft Teams учениците ги презентираа вежбите: игра икс точка со јажиња и конуси, куглање со користење на

конуси, водење на топка со рака помеѓу конуси, носење на топка во конус со потскокнување на една нога и играта огнена топка. На првата заедничка средба на часот по природни науки на 6 март на платформата Microsoft Teams учениците изработија два експерименти: Експеримент бр.1 за правење термометар и Експеримент бр.2 -Топење мраз на половите.

**На втората заедничка средба** на ликовната секција на 4 април на платформата Microsoft Teams учениците истражува за ликовната техника витраж, каде наоѓа примена и кои се светски познати витражи и на крајот заеднички изработија двојазична презентација за истата. На втората заедничка средба на секцијата по физичко и здравствено образование на платформата Microsoft Teams учениците ги презентираа вежбите: фрлење на мали топки од далечина за да се стават на чаши, држење на јајцето во лажица до некоја дистанца, трчање со веќа, врзување на двајца ученици за нога со јаже за да трчат, фрлање на прстени во конусии држење на топката од двајца партнери со тело(со рамен) и давање кош. На втората заедничка средба на часот по природни науки на 3 април на платформата Microsoft Teams учениците изработија два експерименти: Експеримент бр.3 Правење хидроцентрала и Експеримент бр.4 Докажување дека топлиот воздух е лесен.

**На трета заедничка средба** на ликовната секција на 25 април во ООУ „Илинден“ Крива Паланка на платформата Microsoft Teams учениците изработуваа витраж на стакло во рамки и мозаик на тема по избор на учениците.

**На 22 мај се оствари заедничка средба со физичко присуство**. Нашето училиште гостуваше кај партнер училиштето ООУ„Симче Настовски“ Вратница ПУ Јажинце. На средбата учениците имаа можност заеднички да ги претстават нивните активности од тековната учебна година пред наставниците, родителите, локалната заедница и претставниците од МОН. Учениците од новинарската секција изработија персонализирани корици за двојазичниот илустриран речник македонско – албански, учениците од ликовната секција ги презентираа изработените двојазични презентации и заеднички изработија мозаик со половина македонско знаме половина албанско знаме, секцијата по физичко и здравствено образование практично ги изведуваа забавните игри преку пријателско натпреварување помеѓу четири мултиетнички тима, а по природни науки учениците во мешани тимови практично ги презентираа сите четири експерименти пред другите ученици, наставници, родители и претставникот од МОН. Си ги разменија изработките и разговараа кои активности би сакале да ги спроведат во наредната учебна година. Сите едногласно се согласија дека средбите со физичко присуство се поефективни.

Тим за МИО:

1. Лорета Димитровска - директор
2. Снежана Јакимовска - психолог
3. Марија Смиљков - наставник
4. Никола Николовски - наставник
5. Пепица Ј. Стојчевска – наставник
6. Даница Крстевска- наставник

# 13. Професионален развој на наставниците и стручните соработници

Наставниците во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Предлог годишната програма за обуки за стручно усовршување ја изработува и предлага Бирото во соработка со Центарот и Државниот просветен инспекторат, а ја донесува Министерот. Со цел воспоставување на одржлив систем за професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштата Бирото за развој на образование пред почетокот на учебната година изготви и достави до училиштето Каталог на акредитирани програми за обука и акредитирани понудувачи на услуги за обука на наставниците и стручните соработници и истиот е прикачен на платформата Едуино. За таа цел сите наставници и стручните соработници направија верификација на своите кориснички профили преку кои ќе можат да пристапат до Каталогот. Од самиот каталог секој наставник и стручен соработник избираа по две обуки кои ќе ги посети во текот на учебната година.

На почетокот на учебната година се формираше Тим за професионален и кариерен развој на наставниците кој изготви програма за работа за текот на целата учебна година. Тимот во текот на целата година го следеше професионалниот развој на наставниците и стручните соработници, како и реализацијата на програмата за работа. Се следат ефектите од професионалниот развој и се евидентира секој дел од реализираните работилници, обуки и слично.

Во текот на на оваа учебна година со наставниците и стручните соработници од нашето училиште *во рамките на проектот за обука за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во основните училишта во Република Северна Македонија* се реализирани следниве обуки:

- На 03.11.2022 и 04.11.2022 година во ООУ „Кочо Рацин-Кратово е реализирана обука на тема „**Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост“.** На обуката присуствуваше 1 наставник од нашето училиште.
- На 11.11.2022 и 14.11.2022 година во : ООУ „Јоаким Крчовски“ е реализирана обука на **тема „Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата“.** На обуката присуствуваа 2 наставника од нашето училиште.
- На 18.11.2022 година во просториите на нашето училиште се реализираше обука на тема „**Настава базирана на проблемски пристап“**
- На 18.11.2022 и 19.11.2022 во просториите на нашето училиште сееализираше обука на тема „**Настава за развивање критичко мислење кај учениците“**
- На ден 29.11.2022 во ООУ „Кузман Јосифовски Питу“, Кисела Вода- Скопје се одржа обука на **тема „Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците“.** На обуката присуствуваше 1 наставник од нашето училиште.
- На 30.11.2022 година се одржа обука на тема **„Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час“** во просториите на факултетот за Бизнес и Администрација – Куманово. На обуката присуствуваа стручните соработници од нашето училиште.

- Обука на тема **„Дизајнирање објективни тестови на знаење“** се одржа на 09.12.2022 година во просториите на поранешната Американска Амбасада во Скопје. На обуката присуствуваше 1 наставник од нашето училиште.
- На ден 15/16. 2023 година во просториите на ООУ„Илинден“ Крива Паланка се одржа обука на тема “**Настава за развивање на критичко мислење кај учениците“** на која учество зедоа 31 наставник од нашето училиште.
- На 21.6.2023 година во просториите на Педагошкиот факултет во Скопје се одржа обука на тема **„Настава насочена кон постигнување на резултати од учење од повисико ниво“.**
- На 29.6.2023 година во ООУ „Кочо Рацин“ Кратово се реализираше обука на тема **„Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици**“ на која учествуваше 1 наставник од нашето училиште.
- На 30.6.2023 година во нашето училиште се одржа обука на тема **„Професионален развој и кариерни советување на учениците“** на која присуствуваа 14 наставници.

Останати обуки кои се реализирани во нашето училиште во текот на оваа учебна година:

- Оваа учебна година продолжува имплементацијата на новата Концепција за основно образование во I, II, IV и V одделение. За таа цел обуките за наставниците кои оваа година предаваат во I и IV се реализирани пред почетокот на учебната година, односно во месец јули, а на 12 и 13 септември во нашето училиште се реализираа **обуки за наставниците од II и V одделение.**
- На 28.октомври во просториите на Биро за развој на образованието во Куманово се реализираше **обука за стручни соработници (педагог и психолог) на тема- Планирање и реализација на наставата според новата Концепција** за **основно образование;**
- На 10.11.2022 и 11.11.2022 година се реализираше online обука за **„Изготвување на ИОП и Модифицирана наставна програма**“, креирана од страна на Бирото за развој на образованието, со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ. Обуката ја следеа членовите на Инклузивниот тим од училиштето.
- Во периодот од 28.11.2022 година до 02.12.2022 година во хотел Тино-Св. Стефан во Охрид 1 наставник од нашето училиште учествуваше на обука од проектот: **„Искуствено учење за животна средина и климатски промени за наставниците по природни науки“.**
- Во периодот од 22.12.2022 година до 23.02.2023 година во просториите на нашето училиште се реализирани вкупно 6 **дисеминации од обуката** на тема **"Искуствено учење за животна средина и климатски промени“** со наставниците по природни науки од ООУ„Илинден" и ООУ„Јоаким Крчовски"-Крива Паланка.
- Во јуни Бирото за развој на образованието согласно новата Концепција за основно образование реализираше обука за новите Наставни програми за наставниците од одделенска настава кои досега немаат следено обука за новите наставни програми, како и со предметните наставници кои во учебната 2023/24 година ќе реализираат настава во VI одделение. Обуките се реализираа online на Teams платформата.

Стручното усовршување на наставниците се одвиваше и преку посета на отворени часови, преку учество во работата на стручните активи, како и преку учество во реализација  на проектите кои се реализираат во училиштет, преку одржување на стручни предавања во училиштето, интерни обуки и сл.

# 14. Соработка на училиштето

Во текот на првото полугодие од оваа учебна година ООУ„Илинден“ од Крива Паланка оствари соработка со повеќе институции, кои допринесуваат за остварување на воспитно-образовните цели и задачи, како и организации и асоцијации кои работат со децата и за децата.

- На локално ниво нашето училиште остварува успешна соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, ЛУ Градски Музеј- Крива Паланка, Националната установа Центар за култура – Крива Паланка, како и со ОВР – Крива Паланка.
- Остварена е успешна соработка со образовните институции ЈОУДГ„Детелинка“, со ООУ„Св.Јоаким Крчовски“ и СОУ„Ѓорче Петров“ од нашата општина, како и со училиштата од соседните општини.
- Во делот на образовната инклузија нашето училиште соработува со Основното училиште со ресурен центар „ИДНИНА“ од Скопје, во делот на обезбедување на услугата образовна асистенција за учениците со посебни потреби.
- За реализација на содржините од подрачјето за заштита и унапредување на здравјето на учениците училиштето соработуваше со Здравствен дом-Крива Паланка.
- За успешна реализација на наставата како и за реализирање на целокупната работа, училиштето соработува со владини и невладини организации меѓу кои: *МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МВР, МТПС, ЕВРОПСКА КУЌА Крива Паланка* и други.
- Соработката со локалната самоуправа во текот на првото полугодие се одвиваше континуирано преку размена на извештаи, податоци и други информации.

# 15. Заклучни согледувања

Имајќи го предвид согледувањето од резултатите сумирани на крајот од оваа учебна година, преку анализите, табеларните прегледи и другите извештаи констатирано е следното:

- редовната настава, одделенскиот час и други воннаставни подрачја планирани со Годишната програма за работа на училиштето целосно се реализирани според наставниот план и програма по одделни предмети и одделенија;

- се применува ИКТ во наставата и се води е-дневникот;

- треба да се продолжи со стручно усовршување на наставниот кадар во врска со наставните програми за деветгодишното образование организирано од МОН и БРО и други институции;

- треба да се набават нови наставни ресурси според потребите на наставата;

- стручните активи треба да постават повисоки барања во однос на осовременување на наставата преку употреба на посовремени методи и облици на работа, планирање и примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците и подобрување на условите за работа со цел стекнување на трајни и применливи знаења од страна на учениците во согласност со нивните индивидуални способности и можности;

- соработката меѓу родителите и училиштето е подобрена и е на повисоко ниво бидејќи се повеќе го отвораме училиштето и бараме нови можности за вклучување на родителите во неговата работа. Меѓутоа потребна е поголема соработка со родителите за давање помош на учениците кои заостануваат во совладувањето на материјата и учениците кои имаат неопревадани изостаноци;

- можеме да бидеме задоволни со успехот и резултатите постигнати во текот на оваа учебна година, но со надополнување дека во наредната учебна година треба да се вложува поголем напор за примена на активни методи и форми на работа, континуирано да се планира оценувањето, како и да се зајакне работата на стручните активи преку одржување на отворени часови и преку поголемо ангажирање на наставниците во подготовката и реализацијата на наставата.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТА НА
## ООУ „ИЛИНДЕН“- КРИВА ПАЛАНКА
## ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

**Директор**
**Лорета Димитровска**

________________________

**Претседател на Училишен одбор**
**Благородна Стојнева**
________________________

**Дата**
**11.8.2023 година**
**Крива Паланка**